| план за правата на детето. | | се реализираат краткотрајни задолжителни воннаставни активности, какви што се: акциите, излетите, екскурзиите и еднократните работилници.<br><br>Во предметна настава се формирани повеќе училишни секции од секоја област, истите им овозможуваат на сите заинтересирани ученици да бидат вклучени во воннаставни активност според нивните желби, можности, умееења и афинитети, не исклучувајќи ги притоа учениците со посебни образовни потреби и учениците кои потекнуваат од семејства со низок социо- економски статус.<br><br>Податок од спроведена анкета:<br><br>Анкетирани се вкупно 50 ученици по случаен избор. По однос на тврдењето 1.17. **Во училиштето имам избор на различни воннаставни активности (**на пр. клубови, проекти, акции). 46% од учениците целосно се согласуваат, 48% од учениците се согласуваат со ова тврдење, 2% не се согласуваат со тврдењето, 0% од учениците целосно не се согласуваат и 4% од учениците не знаат или немаат информација за ова тврдење.<br><br>Од фокус група на ученици по ова прашање учениците истакнаа дека училиштето нуди можност за избор на воннаставни активности, со мала забелешка дека не секогаш сите ученици имаат можност да се вклучат истовремено во една активност во рамки на една училишна секција. |
| | Опфатеност на учениците од различен пол и јазик на наставата со воннаставните активности | **Многу добро**<br><br>Опфатеноста на учениците од различен пол и јазик на наставата во воннаставните активности е од суштинско значење за создавање на инклузивна и праведна училишна средина.<br><br>Најголем број од учениците се вклучени во една и повеќе воннаставни активности за поддршка на личниот и професионалниот развој без оглед на нивниот пол, етничка припадност, нивните можности и способности.<br><br>Со новиот концепт на образование учениците од 1, 2 ,3, 4 и 5 одделение секојдневно имаат воннаставни активности, во кои се промовира инклузивноста, сите ученици имаат пристап до информации и можности за |

| | | |
|---|---|---|
| | | учество во вонnаставните активности, без разлика на нивниот пол или јазик. Со ваквата опфатеност на учениците од различен пол и јазична припадност, воннаставните активности се простор каде што сите ученици можат да ги изразат своите таленти и интереси, да учат едни од други и да се чувствуваат вреднувани и почитувани во рамките на училишната заедница.<br><br>Податок:<br><br>Анкетирани се вкупно 50 ученици по случаен избор. По однос на тврдењето 1.20. **Сум бил/а вклучен/а во активности заедно со ученици од други култури** (од моето или од друго училиште). 62% од учениците целосно се согласуваат, 28% од учениците се согласуваат со ова тврдење, 6% не се согласуваат со тврдењето, 0% од учениците целосно не се согласуваат и 4% од учениците не знаат или немаат информација за ова тврдење. |
| | Вклученост на учениците во изборот и во планирањето на работата во<br><br>воннаставните активности | **Многу добро**<br><br>Вклученоста на учениците во изборот и планирањето на воннаставните активности игра важна улога во развојот на нивните вештини, интереси и самостојност<br><br>Учениците се вклучени во воннаставните активности по сопствен избор. Во воннаставните активности се вклучени и ученици со ПОП. Учениците имаат клучна улога во подготвувањето на програмите за работа на воннаставните активности. Во работата во воннаставните активности во училиштето редовно се реализираат воннаставни активности за кои наставниците имаат изготвено програми. Соответно ја евидентираат реализацијата и постигањата на учениците. Во истите застапени се деца без оглед на половата и етничката припадност. Придобивките од воннаставните активности се големи, постои дружба, социјализација, се развиваат комуникациските вештини, креативните способности, се прошируваат знаењата, умеењата, се развиваат вештините, се афирмира училиштето. Учениците подолго време минуваат во училиште, а со тоа поголема е можноста од заштита од сите негативни надворешни влијанија. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Податок:<br><br>Анкетирани се вкупно 50 ученици по случаен избор. По однос на тврдењето 1.18. **Се вклучувам во воннаставните активности по мој избор**. 68% од учениците целосно се согласуваат, 28% од учениците се согласуваат со ова тврдење, 4% не се согласуваат со тврдењето, 0% од учениците целосно не се согласуваат и 0% од учениците не знаат или немаат информација за ова тврдење.<br><br>Податок:<br><br>Анкетирани се вкупно 50 ученици по случаен избор. По однос на тврдењето 1.19. **Наставниците ме вклучуваат во подготвувањето и планирањето на воннаставните активности**. 50% од учениците целосно се согласуваат, 42% од учениците се согласуваат со ова тврдење, 0% не се согласуваат со тврдењето, 2%од учениците целосно не се согласуваат и 6 % од учениците незнаат или немаат информација за ова тврдење.<br><br>Анкетирани се вкупно 29 наставници по случаен избор.По однос на тврдењето 1.22. **Планот за воннаставни активности кои ги водам,го изготвувам заедно со учениците**. 17,24% од наставниците целосно се согласуваат 55,17% од наставниците се согласуваат со ова тврдење, 27,59% не се согласуваат со тврдењето, 0% од наставниците целосно не се согласуваат и 0% незнаат или немаат информација за ова тврдење. |
| | Натпревари | **Многу добро**<br><br>Учениците со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, работат на проекти, учествуваат на различни манифестации, ликовни изложби, конкурси и натпревари од различни области што се организираат на општинско,регионално и државно ниво. Тие имаат освоено значителен број награди (пофалници, дипломи, признанија). Учениците учествуваат на различни манифестации, приредби, ТВ емисии каде се афирмираат и пртставуваат на пошироката јавност со своите постигнувања и активности. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Анкетирани се вкупно 50 ученици по случаен избор. По однос на тврдењето 1.6. **Наставниците ме поддржуваат и мотивираат да учествувам на различни натпревари**.60% од учениците целосно се согласуваат, 36% од учениците се согласуваат со ова тврдење, 0% не се согласуваат со тврдењето, 2% од учениците целосно не се согласуваат и 2% од учениците не знаат или немаат информација за ова тврдење.<br><br>Анкетирани се вкупно 50 ученици по случаен избор. По однос на тврдењето 1.7. **Наставниците ме поддржуваат и мотивираат да учествувам во различни проекти.**62% од учениците целосно се согласуваат, 34% од учениците се согласуваат со ова тврдење, 4% не се согласуваат со тврдењето, 0% од учениците целосно не се согласуваат и 0% од учениците не знаат или немаат информација за ова тврдење. |

## Подрачје 1: Планирање, настава и учење

**Опис/резиме на подрачјето**

Во рамките на оценувањето на состојбите во училиштето, идентификувани се неколку силни и слаби страни, како и приоритети за подобрување на образовниот процес. Ова резиме ги опфаќа најзначајните аспекти од оваа анализа и укажува на насоките за понатамошно унапредување на училиштето.

Една од главните предности на училиштето е високото ниво на задоволство кај учениците и родителите во однос на признанието што го добиваат од наставниците за постигнатите резултати и вложениот труд. Ова укажува на добар однос и комуникација меѓу наставниците и учениците, што го поттикнува процесот на учење и мотивираноста кај учениците. Дополнително, училиштето обезбедува индивидуална поддршка за 6 ученици со посебни образовни потреби, фокусирајќи се на развивање и зајакнување на нивните функционални способности. Оваа инклузивна практика го јакне капацитетот на

учениците за поуспешно учество во наставата и создава позитивна училишна средина. Покрај тоа, учениците активно

учествуваат на сите акредитирани натпревари, што резултира со високи достигнувања, истакнувајќи ја конкурентноста и

успехот на училиштето во надворешни активности. И покрај бројните предности, идентификувани се неколку слабости кои го ограничуваат целосниот потенцијал на училиштето. Училиштето планира активности за меѓуетничка интеграција во образованието

| |
|---|
| (МИО), само мал број ученици се вклучени во нивната реализација, што може да го намали ефектот и значењето на овие активности. Дополнително, постои мало незадоволство кај учениците во однос на праведноста на оценувањето, иако училиштето има јасна политика за ова прашање. Ова укажува на можни пропусти во спроведувањето на оценувањето или во транспарентноста на процесот. За да се надминат овие слабости и да се подобри општата училишна клима, идентификувани се неколку приоритети. Потребно е да се создадат постапки за информирање и мотивирање на учениците за активно учество во активностите поврзани со МИО, со цел да се постигне поголема инклузивност и разбирање меѓу различните етнички групи. Конечно, приоритет е и подобрувањето на праведноста во процесот на оценување, преку зголемување на транспарентноста и праведното применување на критериумите за оценување.<br><br>Вклучувањето на учениците во планирањето на активностите, подобрувањето на праведноста во оценувањето и зголемената инклузивност во МИО активностите ќе придонесат за создавање на поуспешна и потранспарентна училишна средина. |
| **Силни страни**<br>**-**Училиштето на ниво на стручни активи има изградени критериуми за оценување,усогласени со националните стандарди<br>- Постои големо задоволство кај учениците и родителите за одавањето признание од страна на наставниците за постигнатите резултати и вложениот труд на учениците<br>- За 6 ученика со посебни образовни потреби училиштето реализира организирана индивидуална поддршка во поглед на развивање и зајакнување на нивните функционалности што претставува зајакнување на нивните капацитети за процесот на учење.<br>- Учениците од нашето училиште учествуваат на сите акредититрани натпревари според пропозициите на организаторите. |
| **Слаби страни**<br>- Училиштето планира активности за МИО, но вклучува само мал број на ученици при нивната реализација;<br>- Мал број од учениците и родителите/старателите се изјаснале дека се запознаени со критериумите за оценување;<br>- Во училиштето постои пристап за лица со физичка попреченост само на првиот кат од училишната зграда. |
| **Приоритети**<br>- Креирање постапки за информирање и мотивирање на ученици за учество во активности МИО;<br>- Подобрување на запознавање на родителите/старателите со критериумите за оценување;<br>- Адаптација на пристапот за лица со физичка попреченост до вториот кат на училишната зграда. |

## Подрачје 2: Постигања на учениците

| Индикатори за подрачјето: |
|---|
| **2.1 Постигања на учениците**<br>**2.2 Мерки за подобрување на постигањата** |

**Самоевалуација на училиштето: ООУ„Славејко Арсов“ Штип** **Подрачје 2: Постигања на учениците**

| **Собирање податоци** | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 2.1 Постигања на учениците** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Е-дневник; записници од родителски состаноци; анализи на постигања по различни критериуми и квалификациски периоди и акциски план за подобрување; анкети со ученици, наставници, родители; интервјуа со стручни соработници, директор, дописи од ДИЦ за екстерни тестирања. | Следење на постигањата на учениците од различен пол и јазик на наставата според наставни предмети и според квалификациски периоди | **Многу добро**<br>Училиштето ги следи постигањата и поведението на учениците на Советот на предметни наставници и Советот на одделенските наставници за што се водат записници и се пишуваат извештаи. Училиштето ги следи постигањата и поведението на учениците според пол и етничка припадност по сите наставни предмети, по квалификациони периоди, по години и паралелки.<br>Во нашето училиште наставата се изведува на македонски јазик. Од статистичките податоци со кои располага училиштето може да се согледа бројот на учениците по пол и етничка припадност во двете учебни години (2023/2024 и 2024/2025 година).<br>Вкупниот број на ученици во учебната 2023/2024 год. е 323 ученика. Според етничката припадност, најголем дел од нив се Македонци (309 се Македонци, 9 се Власи, 3 Турци и 2 Роми). Во однос на полот, во учебната 2023/2024 год., 169 ученици се машки и 154 се женски. |

Вкупниот број ученици во учебната 2024/2025 год. е 294 ученика. Според етничката припадност, најголем дел од нив се Македонци (281 се Македонци, 5 се Власи, 4 се Турци и 4 се Роми), а во однос на полот 153 се машки и 141 се женски.

Во училиштето се изработуваат прегледи за успехот на учениците по пол и етничка припадност.

Од статистиката во училиштето може да се види дека средниот успех на учениците во последните две учебни години бележи благо намалување. Средниот успех на учениците во учебната 2023/2024 год. е 4,50 додека во учебната 2024/2025 год. е 4,49.

Според полот и во двете учебни години девојчињата покажуваат подобри резултати од момчињата.

| Учебна година | одлични | | мн.добри | | добри | | доволни | | со 1 слаба | | со 2 слаби | | со 3 слаби | | неоценети |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | |
| 2023/2024 | 81 | 51 | 20 | 29 | 6 | 21 | / | 1 | / | / | / | / | / | / | 1 |
| 2024/2025 | 70 | 45 | 23 | 34 | 4 | 18 | / | / | / | / | / | / | / | / | 3 |

Во однос на националната припадност, и во двете учебни години, најдобар успех постигнуваат учениците од македонскиот етникум.

| Националност | Успех | 2023/2024 | 2024/2025 |
|---|---|---|---|
| | одличен | **126** | **112** |
| | мн.добар | **45** | **53** |
| | добар | **27** | **22** |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Македонци | доволен | 1 | / | |
| | | | | со 1 слаба | / | / | |
| | | | | со 2 слаби | / | / | |
| | | | | со 3 слаби | / | / | |
| | | | Власи | одличен | 4 | 3 | |
| | | | | мн.добар | 3 | 1 | |
| | | | | добар | / | / | |
| | | | | доволен | / | / | |
| | | | | со 1 слаба | / | / | |
| | | | | со 2 слаби | / | / | |
| | | | | со 3 слаби | / | / | |
| | | | Роми | одличен | / | / | |
| | | | | мн.добар | 1 | 1 | |
| | | | | добар | / | / | |
| | | | | доволен | / | / | |
| | | | | со 1 слаба | / | / | |
| | | | | со 2 слаби | / | / | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | со 3 слаби | **/** | **/** |
| **Турци** | одличен | **1** | **1** |
| | мн.добар | **1** | **1** |
| | добар | **/** | **/** |
| | доволен | **/** | **/** |
| | со 1 слаба | **/** | **/** |
| | со 2 слабо | | **/** |
| | со 3 слаби | **/** | **/** |

Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците по сите наставни предмети за учебната 2023/2024 год. и за учебната 2024/2025 год.

| | Учебна 2023/2024 | | | Учебна 2024/2025 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Наставен предмет | Среден успех машки | Среден успех женски | Вкупен среден успех | Среден успех машки | Среден успех женски | Вкупен среден успех |
| Македонски јазик | 4,08 | 4,65 | 4,36 | 4,19 | 4,61 | 4,41 |
| Англиски јазик | 4,01 | 4,56 | 4,28 | 3,90 | 4,50 | 4,21 |
| Германски јазик | 3,30 | 4,21 | 3,73 | 3,10 | 4,30 | 3,74 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Математика | 3,79 | 4,36 | 4,04 | 3,59 | 4,18 | 3,92 |
| | | Природни науки | 4,13 | 4,75 | 4,43 | 3,95 | 4,52 | 4,25 |
| | | Историја и општество | 4,19 | 4,74 | 4,45 | 4,22 | 4,56 | 4,38 |
| | | Информатика | 4,13 | 4,65 | 4,38 | 4,05 | 4,72 | 4,38 |
| | | Ликовно образование | 4,67 | 4,96 | 4,82 | 4,66 | 4,96 | 4,82 |
| | | Музичко образование | 4,98 | 5,00 | 4,99 | 4,98 | 5,00 | 4,99 |
| | | Физичко и здравствено образ. | 4,97 | 5,00 | 4,99 | 4,89 | 4,98 | 4,94 |
| | | Историја | 3,67 | 4,17 | 3,19 | 3,37 | 4,00 | 3,74 |
| | | Географија | 3,98 | 4,43 | 4,20 | 4,25 | 4,79 | 4,54 |
| | | Граѓанско образ. | 3,88 | 4,34 | 4,10 | 3,16 | 4,08 | 3,70 |
| | | Биологија | 3,83 | 4,65 | 4,25 | 4,09 | 4,71 | 4,42 |
| | | Етика | 5,00 | 5,00 | 5,00 | 5,00 | 5,00 | 5,00 |
| | | Хемија | 3,31 | 3,94 | 3,60 | 3,35 | 4,15 | 3,82 |
| | | Физика | 3,07 | 3,79 | 3,46 | 3,08 | 3.83 | 3,53 |
| | | Иновации | 3,71 | 4,86 | 4,27 | 4,30 | 4,56 | 4,44 |

| | | |
|---|---|---|
| | | Приложените податоци за успехот на учениците по наставни предмети во учебната 2023/2024 година и во учебната 2024/2025 година споредени со оние од претходните учебни години покажуваат мало отстапување. |
| | Резултати од екстерни тестирања | **Многу добро**<br>Училиштето е дел од Екстерното тестирање ТИМСС. ТИМСС е меѓународна студија по математика и природна група предмети која ги мери знаењата и способностите на учениците по наведените предмети. Преку прашалници за ученици, наставници и директори се добиваат податоци како училишната клима и култура, наставната практика, целите на наставните програми и систематското уредување на образованието влијаат врз постигањата на учениците. ИЕА е главен организатор на ТИМСС студијата. Во студијата се вклучени 60 држави од целиот свет. Реализатор во РСМ е Државниот испитен центар.<br>Во учебната 2022/2023 нашето училиште беше опфатено со главното ТИМСС 2023 тестирање по предметите математика и природни науки на примерок на ученици од четврто одделение, кое се спроведе по електронски пат. Резултатите од тестирањето не се доставени до училиштето од страна на ДИЦ.<br>Во учебната 2023/2024 година во нашето училиште беше спроведено тестирањето ТИМСС 2024 по предметите математика и природната група на предмети за ученици од петто одд. (истите ученици кои беа опфатени со тестирањето во четврто одд. во претходната учебна година). Резултатите од тестирањето се доставени до училиштето од страна на ДИЦ.<br>**АНАЛИЗА И ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИ ОД ТИМСС 2024**<br>Според Извештајот за резултати од тестирањето ТИМСС 2024 од страна на ДИЦ, ООУ„Славејко Арсов“ Штип ги постигнало седните резултати: |

ПРИМЕРОК: 17 ученици од 4 одделение (9 женски  и 8 машки)

НАСТАВНИ ПРЕДМЕТИ – по кои се спроведува тестирањето: математика и природни науки

Според Извештајот на ДИЦ, глобалниот просек на постигања е 500, а постигнатиот просек на постигања на РСМакедонија е 474, што значи дека нашата држава со постигнатите резултати се наоѓа  под глобалниот просек.

На регионално ниво, според Извештајот на ДИЦ, постигнатиот просек на Источниот регион е 442  по наставниот предмет природни науки, а постигнатиот просек на постигања на ООУ„Славејко Арсов“ Штип е 515, што значи дека нашето училиште со постигнатите резултати се наоѓа  над регионалниот просек.

Дистрибуција на постигања по нивоа за училиштето

**Табела 1** – Дистрибуција на постигања по нивоа за ООУ„Славејко Арсов“ Штип

| ниво | постигање на училиштето |
|---|---|
| **4 (над 625)** | 0 |
| **3 (550 – 625)** | 26,67 |
| **2 (475 – 550)** | 51,11 |
| **1 (400 – 475)** | 22,22 |
| **под ниво < 400** | 0 |

Според податоците дадени во табела 1, повеќе од половина од учениците со постигнњата се во второ ниво, 27% се во трето ниво и 22% се во прво ниво.

Резултати по области по наставниот предмет природни науки за училиштето

**Табела 2** - Резултати по области по наставниот предмет природни науки за ООУ„Славејко Арсов“ Штип

| област | државно ниво | училишно ниво | машки | женски |
|---|---|---|---|---|
| **Физика** | 446 | 535 | 527 | 551 |
| **Резонирање** | 447 | 528 | 521 | 544 |
| **Примена** | 446 | 522 | 508 | 541 |
| **Природни науки** | 443 | 515 | 517 | 520 |
| **Наука за животот** | 441 | 514 | 509 | 522 |
| **Наука за земјата** | 438 | 515 | 511 | 530 |
| **Екологија** | 435 | 518 | 511 | 530 |
| **Знаење** | 435 | 516 | 509 | 529 |

Според податоците дадени во табела 2 училиштето постигнува подобри резултати по сите области од наставниот предмет природни науки, во споредба со резултатите на државно ниво.

На регионално ниво, според Извештајот на ДИЦ, постигнатиот просек на Источниот регион е 472 по наставниот предмет математика, а постигнатиот просек на постигања на ООУ„Славејко Арсов“ Штип е 539, што значи дека нашето училиште со постигнатите резултати се наоѓа над регионалниот просек.

Дистрибуција на постигања по нивоа за училиштето

**Табела 3** – Дистрибуција на постигања по нивоа за ООУ„Славејко Арсов“ Штип

| ниво | постигање на училиштето |
|---|---|

| | |
|---|---|
| **4 (над 625)** | 3,33 |
| **3 (550 – 625)** | 37,78 |
| **2 (475 – 550)** | 44,44 |
| **1 (400 – 475)** | 14,44 |
| **под ниво < 400** | 0 |

Според податоците дадени во табела 3, помалку од половина од учениците со постигнњата се во второ ниво, 38% се во трето ниво, 14% се во прво ниво и 3% во четврто ниво.

Резултати по области по наставниот предмет математика за училиштето

**Табела 4** - Резултати по области по наставниот предмет математика за ООУ„Славејко Арсов“ Штип

| **област** | **државно ниво** | **училишно ниво** | **машки** | **женски** |
|---|---|---|---|---|
| **Броеви** | 480 | 540 | 518 | 563 |
| **Мерење и геометрија** | 475 | 547 | 529 | 569 |
| **Математика** | 474 | 539 | 527 | 553 |
| **Примена** | 476 | 536 | 508 | 541 |
| **Знаење** | 472 | 537 | 516 | 561 |
| **Резонирање** | 466 | 536 | 519 | 549 |
| **Работа со податоци** | 455 | 535 | 508 | 558 |

Според податоците дадени во табела 4 училиштето постигнува подобри резултати по сите области од наставниот предмет математика, во споредба со резултатите на државно ниво.

| | | |
|---|---|---|
| | | Во учебната 2022/2023 во нашето училиште беше спроведено преттестирање во рамки на Државното тестирање за учениците од петто одд. за мајчин јазик и математика. Преттестирањето го спроведе Државниот испитен центар, согласно чл. 133 од Законот за основно образование. Основна цел на тестирањето беше проверка на остварувањето на стандардите на постигањата во текот на основното образование. Резултатите од преттестирањето не се доставени до училиштето од страна на ДИЦ, бидејќи основната цел на преттестирањето е да се испита валидноста на мерните инструменти и детектирање на можни препреки во текот на процесот на тестирањето. |
| | Идентификување и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со попреченост | **Многу добро**<br><br>Наставниците и стручните соработници систематски ги идентификуваат индивидуалните образовни потреби на учениците, како и пречките во процесот на учење и преземаат активности за нивно отстранување. Најголем број наставници во соработка со стручните соработници и инклузивниот тим на училиштето во процесот на поучување користат различни интерактивни техники, со што им даваат можност на учениците со различни способности да постигнат оптимален личен развој.<br><br>Уште при запишувањето на учениците во прво одделение се идентификуваат децата со тешкотии во учењето, ученици со посебни образовни потреби преку: прашалници што ги пополнуваат родителите и укажуваат на можни тешкотии, разговори со ученици и родители, стручни мислења од релевантни установи (како Завод за ментално здравје), документи од стручни тела според Меѓународната класификација на функционирање (МКФ), медицинска документација. Доколку по почетокот на наставата се појават индикации за потешкотии, наставниците иницираат консултации со ученикот и родителот за навремена поддршка. За учениците со ПОП се оформуваат инклузивни тимови кои изработуваат индивидуализирани образовни програми. За подобро идентификување, работа и постигнување на подобри резултати на учениците со ПОП потребен е специјален едукатор и рехабилитатор, кој недостасува во Стручната служба на училиштето.<br><br>Училиштето ги препознава и ги поддржува учениците кои покажуваат изразени способности и таленти. Надарените ученици се идентификуваат преку |

| | | |
|---|---|---|
| | | внатрешна процедура за талентирани ученици, а наставниците користат сопствени алатки и чек-листи за следење и поддршка на нивниот развој.<br><br>Од спроведениот разговор со фокус групата од наставници што е воден според Водич за дискусија во фокус група со наставници, наставниците се изјасниле дека со учениците кои имаат попреченост работат со индивидуализиран пристап. За нив изготвуваат ИОП/МНП кои се доставуваат до Стручната служба, а планирањата се потпишуваат од родителите на тие ученици доколку се согласуваат со она што е испланирано во нив. Исто така, за потребите на овие ученици, наставниците остваруваат разговори со родителите на тие ученици, со Стручната служба, со други наставници и со образовни асистенти. На прашањето на кој начин се идентификуваат учениците со различни образовни потреби во училиштето, наставниците одговориле дека учениците со тешкотии во учењето ги идентификуваат во процесот на учење, надарените ученици ги идентификуваат според нивниот интерес и знаења, а учениците со попреченост ги идентификуваат преку МКФ, преку проценката што ја прави Стручната служба при упис на учениците во прво одделение и други надлежни институции, преку она што го презентираат наставниците на Одделенски/Наставнички совет како нивна проценка/мислење.<br><br>Од спроведеното анкетирање на наставниците, на прашањето дали задачите и активностите на часовите ги приспособувам на индивидуалните образовни потреби на учениците, 65,52% одговориле ЦЕЛОСНО СЕ СОГЛАСУВАМ, 34,48% одговориле СЕ СОГЛАСУВАМ. На прашањето дали успешно соработуваат со образовните асистенти, 65,52% одговориле ЦЕЛОСНО СЕ СОГЛАСУВАМ, 27,59% одговориле СЕ СОГЛАСУВАМ и 6,90 % одговориле ВООПШТО НЕ СЕ СОГЛАСУВАМ. На прашањето дали успевам да ги идентификувам учениците со тешкотии во учењето, 68,97% одговориле ЦЕЛОСНО СЕ СОГЛАСУВАМ, 31,03% одговориле СЕ СОГЛАСУВАМ. На прашањето дали успевам да ги идентификувам надарените ученици, 79,31% одговориле ЦЕЛОСНО СЕ СОГЛАСУВАМ, 20,69% одговориле СЕ СОГЛАСУВАМ. На прашањето дали голем број родители ја користат можноста да разговараат за постигањата на своето дете по конкретниот предмет, 55,17% одговориле ЦЕЛОСНО СЕ СОГЛАСУВАМ, 34,48% одговориле СЕ СОГЛАСУВАМ, 6,90% одговориле НЕ СЕ СОГЛАСУВАМ И 3,45% одговориле ВООПШТО НЕ СЕ СОГЛАСУВАМ. На прашањето дали на родителите им давам |

| | | |
|---|---|---|
| | | јасни насоки како најдобро да му помогнат на своето дете во учењето за поголеми постигнувања, 55,17% одговориле ЦЕЛОСНО СЕ СОГЛАСУВАМ, 44,83% одговориле СЕ СОГЛАСУВАМ. |
| | Известување на родителите/старателите за постигањата на учениците | **Многу добро**<br><br>Информирањето на родителите за напредокот на секое дете се врши преку утврден систем за известување. Системот вклучува редовно прибирање информации за напредокот и постигнувањата на учениците и давање транспарентна и конкретна повратна информација на родителите и учениците за оценката, вклучувајќи и детални препораки за подобрување на постигнувањата за секој ученик поединечно. За таа цел, се користат формални и неформални средби, односно редовни и вонредни родителски средби и индивидуални средби со родителите, кои се добро организирани и на кои јасно се пренесуваат информациите.<br><br>Редовните родителски средби ги водат раководителите на паралелките и се одржуваат по однапред утврден дневен ред. На нив родителите се запознаваат со успехот, дисциплината и однесувањето на учениците, како и со информации за тековни прашања. Родителите добиваат евидентни листови со информации и детали за напредокот на нивното дете по секој наставен предмет, вклучувајќи и информации за личниот и социјалниот развој на детето. Вонредни родителски средби се одржуваат кога за тоа ќе се јави посебна потреба.<br><br>Индивидуалните средби се одржуваат на иницијатива на одделенскиот раководител, одреден наставник, педагогот, психологот, директорот или на иницијатива на самиот родител.<br><br>Електронската евиденција за постигнувањето на учениците (електронски дневник) уредно се води од страна на наставниците. Известувањето на |

| | | |
|---|---|---|
| | | родителите по електронски пат функционира само делумно, поради тоа што дел од родителите не користат или немаат редовен пристап до компјутер и интернет.<br><br>Од спроведеното анкетирање на родителите, во однос на прашањето дали од училиштето добиваат добри совети за подобрување на успехот на учениците, 66% одговориле ЦЕЛОСНО СЕ СОГЛАСУВАМ, 20% одговориле СЕ СОГЛАСУВАМ, 10% одговориле НЕ СЕ СОГЛАСУВАМ, 2% одговориле ЦЕЛОСНО НЕ СЕ СОГЛАСУВАМ и 2% одговориле НЕ ЗНАМ. Во однос на прашањето дали од училиштето добиваат добри совети за подобрување на однесувањето на учениците, 67% одговориле ЦЕЛОСНО СЕ СОГЛАСУВАМ, 25% одговориле СЕ СОГЛАСУВАМ и 8% одговориле НЕ СЕ СОГЛАСУВАМ.<br><br>Од спроведеното анкетирање на наставниците, на прашањето дали голем број родители ја користат можноста да разговараат за постигањата на своето дете по конкретниот предмет, 55,17% одговориле ЦЕЛОСНО СЕ СОГЛАСУВАМ, 34,48% одговориле СЕ СОГЛАСУВАМ, 2% одговориле НЕ СЕ СОГЛАСУВАМ и 3,45% одговориле ВООПШТО НЕ СЕ СОГЛАСУВАМ. На прашањето пак дали на родителите им давам јасни насоки како најдобро да му помогнат на своето дете во учењето за поголеми постигања, 55,17% одговориле ЦЕЛОСНО СЕ СОГЛАСУВАМ, 44,83% одговориле СЕ СОГЛАСУВАМ.<br><br>Од одржаната средба со фокус група на родители на која за потребите на самоевалуацијата родителите одговарале на поставени прашања дадени во Водич за дискусија во фокус група со родители, на прашањето колку се задоволни од информациите што ги добиваат од страна на училиштето за нивните деца, родителите одговориле дека во училиштето има добра соработка на релација наставник-родител во поглед на информирањето за постигањата и редовноста на нивните деца. |
| **Индикатор 2.2 Мерки за подобрување на постигањата** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |

| | | |
|---|---|---|
| Записници од советувања на родители/старатели и ученици; распоред и списоци за дополнителна и додатна настава; Е-дневник; извештаи за соработка со различни чинители за подобрување на постигањата, анкети со родители, наставници и ученици, записници од работа со фокус групи | Редовност во наставата | **Многу добро**<br><br>Редовноста на учениците во следењето на наставата се следи континуирано. Секое отсуство на учениците се евидентира во електронскиот дневник. Отсуствата се регулираат согласно интерен Правилник за регулирање на изостаноци. Родителите можат да го користат е-дневникот за следење на редовноста во наставата на нивните деца.<br><br>Доколку учениците покажат подолго отсуство од наставата, нивните родители се повикуваат на консултативен разговор. Ако и тоа не вроди со плод, тогаш родителите се упатуваат на советување што го спроведува Стручната служба на училиштето. Во случај и оваа мерка да не даде резултати, училиштето пријавува во ЈУМЦСР – Штип.<br><br>Од спроведеното анкетирање на родителите, во однос на прашањето дали родителите се континуирано информирани за редовноста на учениците, 92% одговориле ЦЕЛОСНО СЕ СОГЛАСУВАМ, 6% одговориле СЕ СОГЛАСУВАМ и 2% одговориле НЕ СЕ СОГЛАСУВАМ. |
| | Советување на родители/старатели и ученици | **Многу добро**<br><br>Учениците континуирано добиваат совети и насоки од наставниците во однос на подобрување на успехот, дисциплината и редовноста во наставата.<br><br>Одделенските раководители и раководителите на паралелките одржуваат редовни родителски средби на кои ги информираат родителите за успехот, дисциплината и редовноста на учениците и даваат корисни совети за нивно подобрување. Секој наставник, кога се јавува потреба, реализира и индивидуални средби за советување на ученици и родители.<br><br>Ако кај учениците се јави намалување на успехот, несоодветно однесување и подолго отсуство од наставата, а консултативните разговори на наставниците со учениците и нивните родители не вродиле со плод, тогаш учениците и родителите се упатуваат на советување кое го спроведува Стручната служба на училиштето. |

| | | |
|---|---|---|
| | Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и<br><br>дополнителната настава | **Многу добро**<br><br>Подобрувањето на постигањата на учениците се поттикнува со формативното оценување. Исто така, подобрувањето на постигањата на учениците се поттикнува и преку реализација на дополнителна и додатната настава која се реализира според претходно изготвен распоред и според потребите на учениците, согласно Правилник за организација и начинот на спроведување на дополнителна и додатна настава во основните училишта и Правилник за негово дополнување.<br><br>Родителите имаат можност да го користат и да го следат е-дневникот за да се информираат за постигањата на нивните деца. Доколку учениците покажат намалување на успехот, тие и нивните родители се повикуваат на консултативен разговор, а доколку и тоа не вроди со плод, тогаш родителите и учениците се упатуваат на советување кое го спроведува Стручната служба на училиштето.<br><br>Од спроведеното анкетирање на родителите, во однос на прашањето дали на учениците им е овозможена дополнителна или додатна настава доколку има потреба од тоа, 72% одговориле ЦЕЛОСНО СЕ СОГЛАСУВАМ, 17% одговориле СЕ СОГЛАСУВАМ, 5% одговориле НЕ СЕ СОГЛАСУВАМ и 6% одговориле дека немаат информација.<br><br>Од одржаната средба со фокус група на родители на која за потребите на самоевалуацијата родителите одговарале на поставени прашања дадени во Водич за дискусија во фокус група со родители, родителите истакнале дека наставниците користејќи различни критериуми ја прилагодуваат наставата на потребите и можностите на нивните деца за подобри нивни постигнувања. Притоа, изнеле мислење дека прилагодувањето на наставниот материјал кај одредени ученици произлегува од обемноста на содржините во некои учебници кои учениците потешко ги разбираат, па им е потребна дополнителна помош.<br><br>Од спроведеното анкетирање на наставниците, во интерес на подобрување на постигањата на учениците, на прашањето дали задачите и активностите на часот ги прилагодувам на индивидуалните образовни потреби на учениците 65,52% одговориле ЦЕЛОСНО СЕ СОГЛАСУВАМ, 34,48% |

| | | |
|---|---|---|
| | | одговориле СЕ СОГЛАСУВАМ. На прашањето дали на учениците им кажувам што добро научиле, а што треба дополнително да научат за да ги постигнат своите очекувања, 89,66% одговориле ЦЕЛОСНО СЕ СОГЛАСУВАМ, 10,34% одговориле СЕ СОГЛАСУВАМ. На прашањето дали на учениците им давам насоки како поуспешно да учат, 89,66% одговориле ЦЕЛОСНО СЕ СОГЛАСУВАМ, 10,34% одговориле СЕ СОГЛАСУВАМ.<br><br>Од спроведеното анкетирање на учениците, на прашањето дали дали наставниците редовно ги известуваат за нивните постигнувања и начините за нивно подобрување, 64% одговориле ЦЕЛОСНО СЕ СОГЛАСУВАМ, 28% одговориле СЕ СОГЛАСУВАМ, 6% одговориле НЕ СЕ СОГЛАСУВАМ и 2% одговориле ВООПШТО НЕ СЕ СОГЛАСУВАМ. На прашањето дали ако нешто не знаат, можат слободно да ги прашаат наставниците, 84% одговориле ЦЕЛОСНО СЕ СОГЛАСУВАМ, 16% одговориле СЕ СОГЛАСУВАМ. |

## Подрачје 2: Постигања на учениците

**Опис/резиме на подрачјето**

Податоците за постигањата на учениците континуирано се следат и анализираат. Од статистичката обработка на податоците се изготвуваат анализи и писмени извештаи со препораки за подобрување на постигањата на учениците. Успехот на учениците се разгледува на Одделенски совет, а се утврдува на Наставнички совет. Родителите на учениците се информираат за успехот на учениците преку евидентни листови, родителски средби, индивидуални средби, е-дневник. Училиштето ги анализира постигањата на учениците кои се оценуваат описно и учениците кои се оценуваат нумерички (според пол и етничка припадност), а деталната анализа е дел од училишната документација. За учениците кои имаат потешкотии во совладувањето на наставната содржина се реализираат часови за дополнителна настава. За учениците кои покажуваат поголеми способности и напредок во воспитно-образовниот процес се реализираат часови за додатна настава, според интересите и можностите. Напредокот во постигањата на учениците го следат одделенските раководители и Стручната служба, тие навремено ги известуваат родителите и ги повикуваат на консултации и советувања. Исто така со учениците со потешкотии во напредокот се реализираат советувања, консултации и се организира дополнителна настава. Стручната служба реализира индивидуални и групни советувања на родители и ученици со несоодветно однесување, голем број изостаноци и намалување на училишниот успех. Стручната служба и наставниците, континуирано обезбедуваат поддршка на учениците што имаат тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со пречки во развојот.

**Силни страни**

-Училиштето прибира, користи и анализира податоци за постигањата на учениците според полот и јазикот на наставата, по сите наставни предмети, за сите квалификациски периоди. По секој квалификациски период, на предлог на Наставничкиот совет, Училишниот одбор донесува акциски план со активности за подобрување на постигањата и квартално ги разгледува постигањата од Акцискиот план.

-Постигањата на учениците континуирано се следат и евидентираат. Учениците добиваат континуирана поддршка за подобрување на постигањата.

-Учениците со тешкотии во учењето, надарените ученици, како и учениците со попреченост се идентификуваат согласно со пропишани процедури.

-Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува. Родителите/старателите добиваат информации за постигањата на учениците по секој квалификационен период.

Училиштето системски ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од наставата и презема конкретни активности. Соработува со родителите/старателите и со надлежни институции за да ја зголеми редовноста на учениците во наставата.

-Училиштето ги реализира советувањата на родителите/старателите и учениците, за што води уредна документација, ги известува надлежните институции, врши анализи на резултатите од советувањето и го следи подобрувањето на редовноста, успехот и однесувањето на учениците. Советувањата на родители/старатели резултираат со подобрување на постигањата на учениците.

Советувањата на учениците, во најголем број придонесуваат за подобрување на успехот, редовноста и однесувањето.

-Најголемиот број наставници се залагаат за подобрување на постигањата на учениците во наставата. Во текот на целата учебна година, училиштето реализира дополнителна настава по сите предмети за кои учениците имаат тешкотии во учењето, како и диференцирана настава. Училиштето, на месечно ниво, изработува распоред за дополнителна настава и го истакнува на видно место во училиштето и на веб страна на училиштето.

| |
|---|
| **Слаби страни**<br><br>- Родителите не го отвораат редовно е-дневникот за да го следат напредокот на нивните деца;<br><br>- Во училиштето нема стручен соработник/специјален едукатор и рехабилитатор. |
| **Приоритети**<br><br>- Поттикнување на родителите за редовно и навремено да го отвораат е-дневникот за следење на напредокот на нивните деца.<br>- Обезбедување на стручен соработник/ специјален едукатор и рехабилитатор, кој постојано со своите стручни компетенции ќе биде на располагање во училиштето. |

## Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето

| **Индикатори за подрачјето:** |
|---|
| **3.1 Училишна клима**<br>**3.2 Еднаквост и правичност**<br>**3.3 Партнерски однос со заедницата**<br>**3.4 Севкупна грижа за учениците** |

**Самоевалуација на училиштето:ООУ„Славејко Арсов“-Штип** **Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето**

| **Собирање податоци** | |
|---|---|

| Индикатор 3.1 Училишна клима | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Кодекс на однесување; анкети/интервјуа со наставниците, стручните соработинции, родителите/старателите и со учениците; педагошка евиденција за изречени педагошки мерки; статут на училиштето; куќен ред на училиштето; пофалби, награди, признанија и др.; написи за училиштето во национални и локални медиуми и на социјалните мрежи; решение за формирање ученички парламент и избор на ученик правобранител; програма и правилник за работа на ученичкиот парламент и ученикот правобранител; досие на ученички парламент (програма за работа, записници, одлуки, извештаи од реализирани ученички иницијативи). | Углед/имиџ на училиштето | Училиштето “Славејко Арсов” во локалната средина е препознатливо по квалитетот на работењето, постигањата на учениците во повеќе области и култрата на живеење. Сето ова не би било возможно без вклученост на сите вработени во училиштето, ученици, родители без разлика на етничката припадност и економскиот и социјалниот статус. Училиштето е препознатливо и по остварувањето на мисијата и визијата на училиштето, кои наставниците добро ја познаваат. Вработените во училиштето постојано се стремат за подобрување на меѓусебната професионална соработка, која е една од основните услови за добра атмосфера во училиштето која се пренесува на родителите и посетителите на училиштето.<br><br>Анкетирани се ученици по случаен избор. По однос на тврдењето **3.4 Сакам да одам на училиште,** 48% целосно се согласуваат, 26% се согласуваат,12% не се согласуваат, 4% целосно не се согласуваат,10% не знаат или немаат информација за ова тврдење. По однос на тврдењето **3.19 Училиштето е чисто и уредно** 50% целосно се согласуваат, 36% се согласуваат, 8% не се согласуваат, 2% целосно не се согласуваат и 4% не знаат или немат информација.<br><br>Анкетирани се наставници по случаен избор. По однос на тврдењето **3.1 Имам учествувано во изработка / ажурирање на кодексот за однесување во училиштето** 48.28% од наставниците се согласуваат, 41,38% целосно се согласуваат, 6,90% не се согласуваат и 3,45% целосно не се соласуваат со тврдењето. |
| | Кодекс на однесување | Во нашето училиште постои кодекс на однесување на учениците, ЕКО кодекс и Куќен ред со поставени принципи и правила на однесување на сите структури во училиштето (раководен кадар,наставници,стучна служба,технички персонал,ученици и родители). Истиот е изложен на видно место. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Анкетирани се родители по случаен избор. По однос на тврдењето **3.1 Запознаена сум со кодексот на однесување во училиштето,** 85% од родителите целосно се согласуваат, 15% се согласуваат и нема родители кои не се слогласуваат, целосно не се согласуваат или не знам/немам информација. По однос на тврдењето **3.2 Имам можности да придонесам за развој/ажурирање на содржината на Кодексот на однесување,** 40% од родителите целосно се согласуваат, 32% се согласуваат,11% не се согласуваат, 2% целосно не се согласуваат, 15% не знаат или немаат информација.<br><br>Анкетирани се наставници по случаен избор. По однос на тврдењето **3.2 Училиштето соодветно постапува доколку се прекрши Кодексот на однесување,** 48,28% од наставниците се согласуваат, 48,28% целосно се согласуваат, 3,45% не се согласуваат и нема наставници кои целосно не се согласуваат или незнаат/немаат информација.<br><br>Анкетирани се ученици по случаен избор. По однос на тврдењето **3.6 Во одделението /училиштето имаме донесено заеднички правила на однесување кои треба да ги почитуваме,** 68% целосно се согласуваат, 32% се согласуваат и нема ученици кои не се согласуваат, целосно не се согласуваат, не знаат или немат информација за ова тврдење. По однос на тврдењето **3.7 Запознаен/а сум со последиците доколку не ги почитувам правилата во училиштето,** 68% целосно се согласуваат, 22% се согласуваат, 2% не се согласуваат, 4% целосно не се согласуваат и 4% не знаат или немат информација за ова тврдење |
| | Училишна клима | Училишната клима во нашето училиште се карактеризира со безбедна, подржувачка и позитивна средина која овозможува квалитетен, воспитно-образовен процес. Се негува соработката помеѓу учениците, наставниот кадар и родителите. Наставниците поттикнуваат позитивна комуникација, со јасно утврдени правила на однесување кои се доследно применувани. Учениците се охрабруваат да ѓи изразуваат своите мислења, да соработуваат и да преземаат одговорност за сопственото однесување. Во училиштето се спроведуваат активности за превенција од насилство и дискриминација, како и за развој на социјални и емоционални вештини. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Раководството активно работи на создавање пријатна атмосфера, преку поддршка на наставниот кадар и поттикнување на тимска работа. Соработката на родителите е редовна и конструктивна, преку состаноци, индивидуални разговори и заеднички активности.<br><br>Анкетирани се родители по случаен избор. По однос на тврдењето **3.3 Моето дете е прифатено и почитувано од наставниците,** 80% од родителите целосно се согласуваат, 15% се согласуваат, 3% не се согласуваат, 2% целосно не се согласуваат и нема родители кои не знаат или немат информација за ова тврдење. По однос на тврдењето **3.4 Моето дете е прифатено и почитувано од соучениците,** 78% од родителите целосно се согласуваат, 17% се согласуваат, 5% не се согласуваат и нема родители кои целосно не се согласуваат, не знаат или немаат информација за ова тврдење. По тврдењето **3.5 Моето дете сака да оди на училиште** 75% од родителите целосно се согласиле, 21% се согласиле,2% не се согласиле, 2% целосно не се согласуваат и нема родители кои не знаат или немаат информација за ова тврдење.<br><br>Анкетирани се ученици по случаен избор. По однос на тврдењето **3.1 Во училиштето се чувствувам безбедно и сигурно,** 78% од учениците целосно се согласуваат, 22% се согласуваат и нема ученици кои не се согласуваат, целосно не се согласуваат, не знаат или немаат информација за ова тврдење.<br><br>По однос на тврдењето **3.2 Во училиштето се чувствувам прифатено од другите ученици,** 78% целосно се согласуваат, 20% се согласуваат, 2% не се согласуваат и нема ученици кои не знаат или немаат информација за ова тврдење.<br><br>По однос на тврдењето **3.3 Во училиштето се чувствувам прифатено од наставниците,** 70% целосно се согласуваат, 28% се согласуваат, 2% не се согласуваат и нема ученици кои целосно не се согласуваат, не знаат или немат информација за ова тврдење.<br><br>Анкетирани се наставници по случаен избор. По однос на тврдењето **3.3 Атмосферата во училиштето е позитивна и поттикнувачка,** 65,52% од наставниците целосно се согласуваат, 31,03% се согласуваат, 3,45% не се |

| | | |
|---|---|---|
| | | согласуваат и нема наставници кои целосно не се согласуваат и не знаат или немат информација за ова тврдење.<br><br>По тврдењето **3.5 Добро соработувам со колегите во училиштето,** 62,07% од наставниците целосно се согласуваат, 37,93% се согласуваат и нема наставници кои целосно не се согласуваат, не се согласуваат, не знаат или немат информација за ова тврдење. |
| | Поведение и дисциплина во<br><br>училиштето | Наставата е организирана според педагошките стандарди и законите. Наставниците преку користење на позитивен приод на современи приоди и современи методи,активно учење,пофалби,индивидуален пристап и други методи се стремат кон зголемување на мотивацијата кај учениците.Сето споменато им овозможува на учениците да го постигнат  максимумот во развојот на својата личност.<br><br>Анкетирани се родители по случаен избор. По однос на тврдењето **3.6 Училиштето добро се справува со дисциплината,** 67% од родителите се соласуваат, 28% се согласуваат, 5% не се согласуваат и нема родители кои целосно не се согласуваат и не знаат или немаат информација за овие тврдења.<br><br>Анкетирани се наставици по случаен избор. По однос на тврдењето **3.4 За време на моите часови има добра работна атмосфера,** 68,97% од наставниците целосно се согласуваат, 31,03% се согласуваат и нема наставници кои не се согласуваат, целосно не се согласуваат или не знаат или немат информација за ова тврдење.<br><br>Анкетирани се ученици по случаен избор. По тврдењето **3.17 Во училиштето работиме на решавање конфликти и спречување насилство,** 76% целосно се согласуваат, 22% се согласуваат, нема ученици кои не се согласуваат, 2% целосно не се согласуваат и нема ученици кои не знаат или немат информација за ова тврдење. |
| | Учество на учениците во донесувањето одлуки и решавањето проблеми | Во училиштето се создаваат услови за активно учество на учениците во донесувањето одлуки и во процесот на решавање проблеми. Преку ученичкиот парламент, одделенските заедници и различни работилници, учениците имаат можност да ги искажат своите мислења, предлози и потреби. Наставниците ги охрабруваат учениците да учествуваат во |

| | | |
|---|---|---|
| | | дискусии, групна работа и заедничко донесување одлуки поврзани со училишниот живот и наставниот процес. Учениците се вклучуваат во решавање на секојдневни проблеми преку разговор, посредување и развивање на вештини за соработка и одговорност. Постои отворена комуникација помеѓу учениците и наставниот кадар, при што мислењето на учениците се зема предвид во рамки на можностите и правилниците на училиштето. На тој начин се јакне чувството на припадност, самодоверба и одговорност кај учениците. Сепак постои простор  за унапредување во насока на поголемо и подоследно вклучување на сите ученици, особено на помирните и помалку активните, како и во развивање структуриран пристап за навремено препознавање и решавање на ученичките проблеми.<br><br>Направена е анкета на наставници  по случаен избор. По тврдењето **3.8 Учениците ги мотивирам да  учествуваат во донесување одлуки за прашања кои се во нивни интерес** 51,72% целосно се согласуваат, 48,28% се согласуваат и нема наставници кои не се согласуваат или незнаат или немат информација за ова тврдење.<br><br>Анкетирани се ученици по случаен избор. По тврдењето **3.11 Ученичката заедница од моето одделение учествува во активности за подобрување на работата во училиштето,**72% целосно се согласуваат, 18% се согласуваат, 14% не се согласуваат, нема ученици кои целосно не се согласуваат и 6% не знаат или немат информација за ова тврдење. |
| **Индикатор 3.2 Еднаквост и правичност** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Анкета и разговори со ученици, родителите/старателите, наставници, стручна служба; извештаи од спроведени активности за запознавање со детските права; записници од активностите на | Познавање и почитување на правата на децата | Стручната служба, наставниците и сите вработени во училиштето ги познаваат и ги почитуваат правата на децата. Наставниот кадар и стручната служба континуирано ги поттикнуваат учениците да ги запознаат, разберат и практикуваат своите права, како и да побараат заштита во случај на нивно нарушување.<br><br>Секоја година се одбележува Светската недела на детето, при што се реализираат разновидни активности: работилници, приредби, запознавање |

| | | |
|---|---|---|
| Ученичкиот парламент и ученикот правобранител (на пр. број на претставки и начин на разрешување); структура на паралелките; записници од работата на ТУИ-Тимот за училишна интеграција; дневник за работа на стручните соработници; оперативен план за наставен час; записници од наставнички совет; критериуми и процедури за избор на ученик на генерација. | | со Конвенцијата за правата на детето, како и литературни и ликовни творби на оваа тема. На одделенските часови се реализираат работилници преку кои учениците се запознаваат со своите права и обврски, содржински и методски прилагодени на нивната возраст.<br><br>Преку ученичката заедница и Ученичкиот парламент, учениците дискутираат, дебатираат и изнесуваат мислења за тековните активности и проблеми со кои се соочуваат во наставата, учењето и меѓуврсничките односи. Тие поднесуваат предлози и барања за нивно разрешување до училиштето, со што активно учествуваат во донесувањето одлуки што ги засегаат.<br><br>На редовните родителски средби, родителите се информираат за правата и обврските на децата и се поттикнува нивната континуирана соработка со училиштето во насока на заштита и унапредување на детските права.<br><br>**Анализа од анкетни прашалници:**<br><br>**Прашалник за ученици:**<br><br>**<u>Прашање 3.12</u>** – Знам како да постапам и каде да се обратам ако забележам прекршување на моите права<br><br>Од вкупно 50 анкетирани ученици, 80% целосно се согласуваат дека знаат како да постапат и каде да се обратат ако забележат прекршување на нивните права, 18% се согласуваат дека знаат како да постапат и каде да се обратат ако забележат прекршување на нивните права. Незначителен број од 2% не се согласуваат дека знаат како да постапат и каде да се обратат ако забележат прекршување на нивните права  додека 0%  целосно не се согласуваат и 0% не знаат/немаат информација  во врска со  овој анкетен исказ.<br><br>**<u>Прашање 3.13</u>** – Кога имам потреба од помош можам да се обратам на раководителот на паралелката или на друг наставник |

| | | |
|---|---|---|
| | | Од вкупно 50 анкетирани ученици, 88% целосно се согласуваат дека кога имаат потреба од помош можат да се обратат на раковдителот на паралелката или на друг наставник, 12% се согласуваат дека кога имаат потреба од помош можат да се обратат на раковдителот на паралелката или на друг наставник. Додека 0% не се согласуваат, целосно не се согласуваат и не знаат/немаат информација  дека кога имаат потреба од помош можат да се обратат на раковдителот на паралелката или на друг наставник<br><br>**<u>Прашање 3.14 </u>**– Можам слободно да барам совет и подршка од педагогот или психологот во училиштето.<br><br>Од вкупно 50 анкетирани ученици, 68% целосно се согласуваат дека можат слободно да бараат совет и подршка од педагогот или психологот во училиштето, 30% се согласуваат можат слободно да бараат совет и подршка од педагогот или психологот во училиштето. Незначителен број од  по 2% не се согласуваат, целосно не се согласуваат и  не знаат/немаат информација  дека можат слободно да бараат совет и подршка од педагогот или психологот во училиштето<br><br>**Прашалник за родители:**<br><br>**<u>Прашање 3.7 </u>**– Сум бил/а вклучен/а во активности за запознавање со правата на децата, организирани од училиштето.<br><br>Од вкупно 60 анкетирани родители, 38% целосно се согласуваат дека биле вклучени во активности за запознавање со правата на децата, организирани од училиштето, 50%  се согласуваат дека биле вклучени во активности за запознавање со правата на децата, организирани од училиштето 12% не се согласуваат, дека биле вклучени во активности за запознавање со правата на децата 0% целосно не се согласуваат и 0% не знаат/немаат информација  дека биле вклучени во активности за запознавање со правата на децата |

| | | |
|---|---|---|
| | | **Прашалник за наставници:**<br><br>**<u>Прашање 3.9 </u>** – Реализирам работилници за запознавање на родителите со правата  и обврските на децата<br><br>Од вкупно 29 анкетирани наставници, 28% целосно се согласуваат дека реализират работилници за запознавање на родителите со правата  и обврските на децата, 52%  се согласуваат дека реализират работилници за запознавање на родителите со правата  и обврските на децата, 14% не се согласуваат, дека реализират работилници за запознавање на родителите со правата  и обврските на децата, и по 3% целосно не се согласуваат и не знаат/немаат информација  дека реализират работилници за запознавање на родителите со правата  и обврските на децата.<br><br>**<u>Прашање 3.10 </u>** – На учениците им укажувам на различните механизми за заштита на нивните права кои постојат во училиштето<br><br>Од вкупно 29 анкетирани наставници, 62% целосно се согласуваат дека им укажуваат на учениците на различните механизми за заштита на нивните права кои постојат во училиштето, 31%  се согласуваат дека им укажуваат на учениците на различните механизми за заштита на нивните права кои постојат во училиштето, по3,5% не се согласуваат и  целосно не се согласуваат дека им укажуваат на учениците на различните механизми за заштита на нивните права кои постојат во училиштето  и  0%не знаат/немаат информација  дека им укажуваат на учениците на различните механизми за заштита на нивните права кои постојат во училиштето . |
| | Еднаков и правичен третман на сите ученици | Училиштето обезбедува еднаков и правичен третман на сите ученици, без оглед на нивната национална припадност, возраст, пол, социјален статус, етничко потекло или религија. Сите ученици уживаат еднакви права и имаат исти обврски, а нивното учество во наставните и воннаставните активности се реализира согласно нивните интереси, способности и можности.<br><br>Наставниот кадар и стручната служба подеднакво се однесуваат кон сите ученици и активно го поддржуваат вклучувањето на учениците со посебни |

| | | |
|---|---|---|
| | | образовни потреби во наставата, воннаставните активности и користењето на информатичко-комуникациската технологија. Во училиштето се евидентирани шест ученици со посебни образовни потреби (по еден ученик во I, II, IV и IX одделение и два ученика во VIII одделение). За четири ученика се изработуваат индивидуални оперативни планови - ИОП, за еден ученик се изработува модифицирана наставна програма - МНП од страна на инклузивниот тим за ученик – ИТУ, а на еден ученик е обезбедена општа поддршка. Ова придонесува за успешна инклузија и подобрена соработка меѓу наставниците и стручните соработници.<br><br>Праведноста и транспарентноста се обезбедуваат преку објективно оценување, примена на утврдени стандарди за оценување, почитување на етичкиот кодекс и континуирано стручно усовршување на наставниците за формативно и сумативно оценување. Критериумите за оценување се составен дел од годишните планирања на наставниците.<br><br>Изборот на ученик на генерација се врши согласно утврден и донесен правилник од страна на Наставничкиот совет, со јасни критериуми и транспарентна постапка, со што се обезбедува правичност и еднакви можности за сите ученици.<br><br>Стручната служба преку својата програма ги оспособува учениците да препознаваат и соодветно да реагираат во ситуации на дискриминација во училишен контекст. Во училиштето се почитуваат половите, социјалните и културните разлики, а мултикултурализмот се промовира преку наставни содржини, ученички истражувања и презентации. И покрај малиот број ученици од различно етничко потекло, континуирано се работи на унапредување на меѓуетничката интеграција, што резултира со односи меѓу учениците засновани на толеранција, почит и разбирање.<br><br>**Анализа од анкетни прашалници:**<br><br>**Прашалник за ученици:**<br><br>**<u>Прашање 3.8</u>** – Училишните правила се применуваат подеднакво за сите ученици. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Од вкупно 50 анкетирани ученици, 84% целосно се согласуваат дека училишните правила се применуваат подеднакво за сите ученици, 12% се согласуваат дека училишните правила се применуваат подеднакво за сите ученици. 2% не се согласуваат дека училишните правила се применуваат подеднакво за сите ученици и по 2% целосно не се согласуваат и не знаат/немаат информација во врска со овој анкетен исказ.<br><br>**<u>Прашање 3.9</u>** – Имам еднакви можности за учество во активности во училиштето како и другите ученици<br><br>Од вкупно 50 анкетирани ученици, 80% целосно се согласуваат дека имаат еднакви можности за учество во активности во училиштето како и другите ученици, 20% се согласуваат дека имаат еднакви можности за учество во активности во училиштето како и другите ученици и по 0% не се согласуваат, целосно не се согласуваат и не знаат/немаат информација дека имаат еднакви можности за учество во активности во училиштето како и другите ученици,<br><br>**<u>Прашање 3.10</u>** – Имам еднакви можности за учество во различните активности на часовите ( на пр. Поставување прашања, презентирање, одговарање како и другите ученици)<br><br>Од вкупно 50 анкетирани ученици, 82% целосно се согласуваат дека имаат еднакви можности за учество во различните активности на часовите, 18% се согласуваат дека имаат еднакви можности за учество во различните активности на часовите и по 0% не се согласуваат, целосно не се согласуваат и не знаат/немаат информација дека имаат еднакви можности за учество во различните активности на часовите.<br><br>**Прашалник за родители:**<br><br>**<u>Прашање 3.8</u>** – Моето дете, во училиштето, ги добива истите услови за учење како и другите ученици<br><br>Од вкупно 60 анкетирани родители, 87% целосно се согласуваат дека нивното дете, во училиштето, ги добива истите услови за учење како и |

| | | |
|---|---|---|
| | | другите ученици, 13%  се согласуваат дека нивното дете, во училиштето, ги добива истите услови за учење како и другите ученици  и по 0% не се согласуваат, целосно не се согласуваат и  не знаат/немаат информација дека нивното дете, во училиштето, ги добива истите услови за учење како и другите ученици.<br><br>**<u>Прашање 3.9 </u>**– Моето дете е оценувано според исти критериуми како и другите ученици.<br><br>Од вкупно 60 анкетирани родители, 77% целосно се согласуваат дека нивното дете е оценувано според исти критериуми како и другите ученици, 17%  се согласуваат дека нивното дете е оценувано според исти критериуми како и другите ученици  6% не се согласуваат дека нивното дете е оценувано според исти критериуми како и другите ученици и по 0% целосно не се согласуваат и  не знаат/немаат информација  дека нивното дете е оценувано според исти критериуми како и другите ученици.<br><br>**<u>Прашање 3.10 </u>**– Моето дете не било дискриминирано во училиштето врз основа на неговиот пол, етничка припадност, религиска припадност или друго.<br><br>Од вкупно 60 анкетирани родители, 81% целосно се согласуваат дека нивното дете не било дискриминирано во училиштето врз основа на неговиот пол, етничка припадност, религиска припадност или друго, 15% се согласуваат дека нивното дете не било дискриминирано во училиштето врз основа на неговиот пол, етничка припадност, религиска припадност или друго, по  2% не се согласуваат  и целосно не се согласуваат  дека нивното дете не било дискриминирано во училиштето врз основа на неговиот пол, етничка припадност, религиска припадност или друго и 0% не знаат/немаат информација  за овој анкетен исказ.<br><br>**<u>Прашање 3.11 </u>**– Училиштето навремено и соодветно реагира на нееднаков третман на учениците<br><br>Од вкупно 60 анкетирани родители, 57% целосно се согласуваат дека училиштето навремено и соодветно реагира на нееднаков третман на |

| | | |
|---|---|---|
| | | учениците, 27% се согласуваат дека училиштето навремено и соодветно реагира на нееднаков третман на учениците, 8% не се согласуваат дека училиштето навремено и соодветно реагира на нееднаков третман на учениците, 5% целосно не се согласуваат дека училиштето навремено и соодветно реагира на нееднаков третман на учениците и 3% не знаат/немаат информација за овој анкетен исказ.<br><br>**Прашалник за наставници:**<br><br>**<u>Прашање 3.11</u>** – Соодветно реагирам на поплаките на учениците за нееднаков третман.<br><br>Од вкупно 29 анкетирани наставници, 72% целосно се согласуваат дека соодветно реагираат на поплаките на учениците за нееднаков третман, 28% се согласуваат дека соодветно реагираат на поплаките на учениците за нееднаков третман, и нема наставници кои не се согласуваат, целосно не се согласуваат или не знаат/немаат информација дека соодветно реагираат на поплаките на учениците за нееднаков третман. |
| **Индикатор 3.3 Партнерски однос со заедницата** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Извештај за работа на училиштето (полугодишен, годишен); записници од советот на родители и родителски средби; анкети и интервјуа со директорот, родителите/старателите, наставниците и со стручните соработници; анкета/интервју со претставник на локалната заедница; статут на училиштето; интернет- | Соработка на училиштето со родителите/старателит<br><br>е | Информациите што се однесуваат на сите аспекти од работата на училиштето им се достапни на родителите во пишана и/или електронска форма најчесто во затворени групи на социјалните мрежи, но и јавните профили на социјалните мрежи како и веб.страницата<br><br>Училиштето презема добро испланирани активности за вклучување на родителите во подобрување на воспитно-образовната работа на училиштето на сите нивоа. Иако родителите даваат усни предлози на родителските средби и на Совет на родители за подобрување на состојбите во училиштето, за подобрување на квалитеттот на наставата и за позитивни промени, сепак во училиштето не постои пишана документација за прифатени и реализирани идеи од родителите/ старателите за подобрување на воспитно образовниот процес во |

| | | |
|---|---|---|
| страница на училиштето;<br>договори и меморандуми за соработка со општината и различни организации/институции;<br>извештаи од организирани акции, трибини, дебати, предавања со родителите/старателите и со претставниците на локалната заедница;<br>документација за добиени спонзорства и донации. | | училиштето (Записници од родителски средби, Записници од Совет на родители). Кога родителите даваат усни предлози истите се споделуваат на совет кога се реферира за повратни информации од родителски средби.<br><br>Од прегледаните записници од родителските средби, одделенските раководители ги известуваат родителите за тековните активности во училиштето. Најчесто ги информираат за календарот на организација за работа на основните училишта во тековната година, за наставниот план и програма, за интерните акти во училиштето. На почетокот на учебната година се делат учебниците и се даваат изјави да се потпишат за примени учебници. Се информираат родителите за списанија и за осигурување на учениците. Доколку некој родител сака промена на член на Совет на родители, може да се направи промена за време на родителската средба. Одделенскиот наставник исто така ги информира родителите за излети, екскурзии и настава на учениците во природа кои ќе се одржуваат во текот на учебната година. Во прво тримесечје, на полугодие и трето тримесечје се известуваат родителите за успехот и поведението на учениците и се известуваат родителите да ги потпишат евидентните листови во е-дневник<br><br>Документи:<br><br>- Извештај за работа на училиштето:<br><br>-полугодишен извештај за учебната 2023/2024 год.со деловоден број 0102-65/1 од 01.02.2024 г.<br><br>- годишен извештај за учебната 2023/2024 со деловоден број 0102-299/1 од 11.09.2024 год.<br><br>- полугодишен извештај за учебната 2024/2025год.со деловоден број 0102-70/1 од 31.01.2025 г.<br><br>- годишен извештај заучебната 2024/2025 со деловоден број 0102-372/1 од 15.09.2025 год. |

| | | |
|---|---|---|
| | | - Статут на училиштето со деловоден број – 0201-418/1-2 од 02.12.2019 год.<br>-Записници од Совет на родители<br>- 1201 - 352/2 од 25.09.2023 год<br>- 1201 - 72/2 од 15.02.2024 год.<br>- 1201 – 240/2 од 13.08.2024 год.<br>На родителските средби се реализираат и разни предавања во зависност од потребата на паралелките. На ниво на училиште се реализираа презентации за Насилство меѓу врсници,Булинг  и др. во сите паралелки<br>Од увидот во документацијата е констатирано дека во Годишната програма за работа на училиштето има посебна програма за соработка на училиштето со родителите/старателите со која работи тим за соработка со родители (стр.390).<br>Во годишната програма 2024/2025 и 2025/2026 се поместени:<br>-.Соработка на основното училиште со родителите/старателите ;<br>- Вклученост на родителите/старателите во живототот и работата на училиштето;<br>- План за вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето<br>(стр.102 од програмата на училиштето);<br>- План за вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и вонназтавните активности (стр.103 од програмата на училиштето);<br>-План за едукација на родителите/старателите (стр.103 од програмата на училиштето).<br>Родителите исто така учествуваат со донации. Соработката со родителите се остварува преку реализирањето на програмата за јавна и културна дејност, одбележување на позначајни датуми преку дефиле, велигденски и |

| | | |
|---|---|---|
| | | новогодишни базари и продажби.(одговорни наставници Елица Козарева,Лазар Наумов и Едита Пингова) Родителите активно учествуваат во приредби и работилници по повод 8 Март, Нова година и сл<br><br>**Анкета со наставници:**<br><br>Анкетата е спроведена со 35 наставници на начин на кој одговорите означени со број 4 се  највисоко оценети (целосно се согласуваат), одговорите означени со број 3 (се согласувааат),со број 2 (не се согласуваат),со број 1 (целосно не се согласуваат) најслабо оценети и со број 0 (не знам/немам информација) најслабо оценети.<br><br>Прашање 3.11  од анкетираните  наставници поголем број 78,41% целосно се согласуваат, а 27,59% се согласуваат дека наставниците реагираат на поплаки со учениците со нееднаков третман.<br><br>Прашање 3.13 од анкетираните наставници 44,83% целосно се согласуваат,поголем број 48,28% се согласуваат,3,45% од наставниците не се согласуваат и 3,45% целосно не се согласуваат дека родителите/старателите ги поттикнуваат активно да се вклучат во активностите во училиштето.<br><br>Прашање 3.14 од анкетираните наставници 48,28% целосно се согласуваат и 51,72 % од наставниците се согласуваат дека ги прифаќаат аргументираните идеи од родителите за подобрување на воспитно-образовниот процес.<br><br>**Анкета со родители:**<br><br>Анкетата е спроведена на 60 родители на начин на кој одговорите означени со број 4  се највисоко оценети (целосно се согласуваат), одговорите означени со број 3 (се согласувааат),со број 2 (не се согласуваат), со број 1 (целосно не се согласуваат) најслабо оценети и со број 0(не знам/немам информација) најслабо оценети.<br><br>Прашање 3.12 од анкетираните родители поголем број 53% од родителите целосно се согласуваат,30% од родителите се согласуваат дека мислењата и ставовите на родителите/старателите за унапредување на воспитно-образовниот процес се почитуваат и влијаат на одредени одлуки |

| | | |
|---|---|---|
| | | кои се донесуваат во училиштето, 12% не се согласуваат, целосно не се согласуваат 2% и 3% не знаат или немаат информација за тоа дека мислењата и ставовите на родителите/старателите за унапредување на воспитнообразовниот процес се почитуваат и влијаат на одредени одлуки кои се донесуваат во училиштето. |
| | Соработка со општината и со урбаната заедница | Училиштето е активно вклучено во животот на општината и урбаната заедница преку спроведување заеднички проекти, активности и организирање и учество на настани од интерес на училиштето и заедницата. Училиштето во годишната програма за работа има посебна програма за соработка со локалната урбана заедница и посебен тим за истото.<br><br>Од увид во документацијата се следи:<br><br>- Програма за соработка со локална средина и локална заедница – (стр.104-106), Одговорен тим - стручна служба;<br><br>- Програма за јавна и културна дејност на училиштето. – (стр.363) одговорни наставници: Елица Козарева, Лазар Наумов и Едита Поп-Андонова<br><br>**Анкета со наставници:**<br><br>Прашање 3.15 од спроведената анкета од наставници, најголем дел од испитаните 51,72% целосно се согласуваат, 41,38% се согласуваат дека учествуваат во спроведување на заеднички проекти со општината кои се од интерес на училиштето и заедницата, 3,45% не се согласуваа и 3,45% се изјаснил дека не знае или нема информација за тоа дали учествуваат во спроведување на заеднички проекти со Општината кои се од интерес на училиштето и заедницата.<br><br>Локална заедница - Основач на училиштето е локалната самоуправа и во тој правец непосредно учествува во грижата за унапредување на квалитетот на работењето на училиштето. Училиштето својата .Годишна програма за работа ја доставува до советот на општина Штип. Училиштето учествува на сите органицирани настани, манифестации, одбележувања и јубилеи на ниво на општина и активно се вклучува со активности за |

| | | |
|---|---|---|
| | | одбележување на значајни датуми на локално ниво. Училиштето и директорот активно соработуваат со градоначалникот, локална самоуправа, советот на општината, др. воспитно-образовни установи, со институции, фирми и организации, особено оние кои се лоцирани на територијата на која е сместено и училиштето, институции од областа на културата, претпријатија и др.органи и организации заради збогатување на воспитно-образовната работа со учениците. Посебен акцент се става на транспарентноста во работењето. Комуникацијата е од исклучителна важност и истата се одвива усно, пишано и електронски. Аналогно на добрата соработка и општината учествува во дел од училишните активности и ја развива соработката на високо ниво. За воспоставување соработка со општината за реализација на еколошката програма на локално ниво се потпиша Меморандум за соработа со градоначалникот. Меморандум за соработка со претставник од Општината се потпиша за поддршка на проектот „Промоција на безбедна училишна средина“. Соработката со градоначалникот е на високо ниво.<br><br>Донации и спонзорства - Работата со локални стопански претпријатија, во поглед на обезбедување на донации и спонзорства е активност која континуирано трае. Редовна соработка училиштето има со издавачката куќа „Просветно дело“, од каде досега се добиени изданија за училишната библиотека. Континуирана соработка има со: ТП „Ребус“, ЈП ИСАР- Штип, ДООЕЛ „Давка’’ – Штип, родители, донатори и др. претпријатија кои ќе произлезат од тековното работење.<br><br>Соработката со месното население се остварува преку реализирањето на програмата за јавна и културна дејност, одбележување на позначајни датуми преку дефиле, велигденски и новогодишни базари и продажби и сл.<br><br>Институции од областа на културата - Редовно се следат објавени конкурси и натпревари на кои се учествуваат голем дел од учениците и тоа: литературни и ликовни конкурси на општинско ниво, изложби, саеми на книга и сл. Се посетуваат институции од областа на културата во рамките на изведувањата на планирани излети, екскурзии и посети на културно-историски споменици и музеи предвидени со Програмата за изведување екскурзии. Како особена соработка со институции од областа |

| | | |
|---|---|---|
| | | на културата ќе ги издвоиме градска библиотека „Гоце Делчев“, Дом на култура „Ацо Шопов“ , Народен театар- Штип, „Дом на млади“.<br><br>Институции од областа на образованието- Училиштето е во постојана со повеќе образовни институции на државно и локално ниво. Училиштето остваува соработката со МОН и БРО и ги следи и спроведува најновите современи реформи, закони и прописи. Значајна и континуирана е соработката ЕЛС - Сектор за основно образование, Сектор за основно образование како дел од општината. Училиштето постојано ја продлабочува соработката со сите основни и средни училишта на ниво на општина, со универзитетот УГД „Гоце Делчев“- Штип, како и Детските градинки „Астибо“ и „Вера Циривири Трена“.<br><br>Спортски друштва- Училиштето е член на Сојуз на училишни спортови кој работи на државно ниво. Вонnаставните активности од областа на спортот го задоволуваат организираниот спортски и рекреативен живот во училиштето.<br><br>Здравствени организиации-Здравствените организации со кои ќе соработува училиштето заради грижа за здравјето и безбедноста на учениците и вработените се: ЈЗУ „Панче Караѓозов“ и Епидемиолошка служба - Штип.<br><br>Медиуми-Училиштето редовно информира за резултатите што ги постигнува, за активностите кои ги реализира, за учествата и наградувањата, за напредокот. Промоцијата на училиштето се врши преку интерно информирање (информатори, родителско катче, соопштенија и сл.) и екстерно информирање (медиумско промовирање). Медиумски куќи преку кои училиштето електронски се промиовира се локалните М-нет, Канал 77.<br><br>Други организации и институции- „Црвен крст“- Штип, СВР-Штип, ЈП „Исар“- Штип, ЈУМЦСР - Штип и др |
| **Индикатор 3.4 Севкупна грижа за учениците** | | |

| Извори на податоци | Теми по индикатори | Информации кои се собрани |
|---|---|---|
| Кодекс на однесување; куќен ред на училиштето; набљудување на условите во училиштето; протокол за превенција и заштита од насилство; анкети/интервјуа со наставниците, стручните соработиници, родителите/старателите и со учениците; педагошка евиденција за изречени педагошки мерки; записници од советувања; извештај за работа на училиштето (полугодишен, годишен); записници од советот на родители и родителски средби; анкети и интервјуа со директорот, родителите/старателите, наставниците и со стручните соработници; педагошка евиденција и документација; организирани трибини, дебати, предавања со учениците, родителите/старателите и со претставниците на локалната заедница за теми поврзани со: ментално здравје, социо-емоционални вештини, здраво живеење и | Превенција и заштита од насилство | Во училиштето се забранети сите видови на психичко и физичко насилство. Училиштето има донесено Кодекс на однесување на учениците, истакнат на јавно место во кој е наведено дека, доколку кај учениците се јават проблеми од било каков карактер (лични, во врска со училиштето, социјалниот живот) можат да се обратат за помош кај наставниците. Советодавна работа со учениците кои манифестираат различни облици на неприлагодено однесување, организира и реализира педагогот според својата Годишна програма. За постоењето и помошта од педагошка служба учениците се информираат уште во почетокот на учебната година од одделенскиот раководител на одделенскиот час, родителите на родителска средба и Советот на родители, како орган од претставници на родители на деца кои посетуваат настава во нашето училиште на нивниот состанок.<br><br>За решавање на различни проблеми кај децата, педагогот разговара и со родителите на децата кои покажуваат облици на неприлагодено однесување. Учениците се насочуваат за да препознаваат облици на насилство и заштита од истите, како и превенција од меѓусебно насилство, омраза и други типови на нетрпение во училиштето на часовите на одделенската заедница и животни вештини.<br><br>Учениците се насочуваат за да препознаваат различни облици на злоупотреба и заштита од истите, за таа цел училиштето се вклучува во промовирање и имплементирање на проекти со цел учениците да можат да препознаат и да се заштитат од разни видови злоупотреба.<br><br>**ПРАШАЛНИК ЗА НАСТАВНИЦИ**<br><br><u>Прашање 3.6</u> - Со моите ученици спроведувам активности за превенција на насилство и ненасилно решавање конфликти<br><br>Од 29 анкетирани наставници, 14 наставници - 48,28% целосно се согласуваат дека со учениците спроведуваат активности за превенција на насилство и ненасилно решавање конфликти, а исто толкав број 14 |

| | | |
|---|---|---|
| сл.; записници од спроведените активности за професионална ориентација. | | наставници - 48,28% се согласуваат со истото. Незначителен број 3,45% (1 наставник) не се согласува, а нема наставници кои целосно не се согласуваат и не знаат/ немаат информација дека со учениците спроведува активности за превенција на насилство и ненасилно решавање конфликти.<br><br><u>Прашање 3.7</u> - Во училиштето се работи со сите ученици кои се учесници во врсничко насилство<br><br>37,93% целосно се согласуваат со тврдењето дека во училиштето се работи со сите ученици кои се учесници во врсничко насилство (11 наставници). 44,28% се согласуваат (14 наставници). 6,9% не се согласуваат (2 наставници), 3,45% целосно не се согласуваат (1 наставник) и 3,45% не знаат/немаат информација со ова тврдење (1 наставник).<br><br>**ПРАШАЛНИК ЗА РОДИТЕЛИ**<br><br><u>Прашање 3.13</u> – Запознаен/а со училишниот протокол за превенција и постапување во случаи на насилство<br><br>Од спроведената анкета помеѓу родителите, од 60 родители, поголем број 63% целосно се согласуваат и 27% се согласуваат дека се запознаени со училишниот протокол за превенција и постапување во случаи на насилство. 0% не се согласуваат, 0% целосно не се согласуваат, а 10% не знае/ нема информација.<br><br><u>Прашање 3.14</u> – Во училиштето се спроведуваат активности за превенција на насилство и ненасилно решавање на конфликти<br><br>57% од родителите целосно се согласуваат дека во училиштето се спроведуваат активности за превенција на насилство и ненасилно решавање конфликти, 27% се согласуваат. Не се согласуваат 5%, и 0% целосно не се согласуваат. 11% од испитаниците не знаат или немаат информација.<br><br><u>Прашање 3.15</u> – Училиштето добро се справува при појава на насилство<br><br>52% од родителите целосно се согласуваат дека училиштето добро се справува при појава на насилство, а 37% се согласуваат. 6% не се |

| | | |
|---|---|---|
| | | согласуваат со тврдењето, 0% целосно не се согласуваат и 5% сметаат дека немаат информација и не знаат.<br><br>**ФОКУС ГРУПА – РОДИТЕЛИ**<br><br>Прашање - Колку често се случуваат различни видови насилство во училиштето и како училиштето се справува со истите?<br><br>Ставот кој преовладува кај родителите од фокус групата во однос на ова прашање е дека пријавените проблеми меѓу децата се разгледуваат од лицата во училиштето на коишто се пријавуваат и истите се решаваат. Повеќето проблеми се иницираат од социјалните мрежи и разговорите коишто се водат во групите на учениците .<br>Родителите предложија учениците да не носат мобилни телефони во училиштето!<br><br>**ПРАШАЛНИК ЗА УЧЕНИЦИ**<br><br><u>Прашање 3.16</u> – Знам како треба да постапам ако забележам  или ми се случи врсничко насилство во училиштето<br><br>Од вкупно 50 испитаници, 78% се изјасниле дека целосно се согласуваат, 20% се согласуваат. 2% се изјасниле дека не се согласуваат, додека пак 0% целосно не се согласуваат. 0% се изјасниле дека не знаат/не се согласуваат.<br><br><u>Прашање 3.17</u> – Во училиштето работиме на решавање на конфликти и спречување насилство<br><br>За ова тврдење се изјасниле 76% дека целосно се согласуваат дека во училиштето работат на решавање конфликти и спречување насилство. 22% се согласуваат, додека пак 0% не се согласуваат. 2% целосно не се согласуваат, додека пак 0% не знаат/не се согласуваат.<br><br>**ФОКУС ГРУПА – УЧЕНИЦИ**<br><br><u>Прашање 5с</u> - Дали има насилство (физичко, психолошко, сајбер) помеѓу учениците или од страна на наставниците? Како се решаваат случаите на насилство? |

| | | |
|---|---|---|
| | | Од вкупно 9 испитаници, учениците истакнаа дека нема физичко, психичко и сајбер насилство, но доколку во иднина има ќе решаваат со класниот раководител, стручните служби или директорот.<br><br>**ИНТЕРВЈУ СО ДИРЕКТОР И СТРУЧНА СЛУЖБА**<br><br>3.9. Што презема училиштето за превенција и заштита од насилство?<br><br>а. Како ги проценувате ефектите од ваквите активности (на пр. намалување на дискриминација и стереотипизирање, намалување на поплаките на учениците и родителите, вклучување на учениците од маргинализирани/ранливи категории, намалување на случаите на насилство)<br><br>Се спроведуваат работилници, кампањи и часови на одделенска заедница.<br><br>а) Намалени поплаки, подобра информираност и поголема вклученост. |
| | Заштита од пушење,<br><br>алкохол и од дрога | Училиштето има политика за забрана на пушење, консумирање на алкохол и дистрибуција и консумирање на наркотични супстанци, која подразбира дека во училиштето (учлниците, канцеларијата, тоалетите, училишниот двор) не се пуши, не се доаѓа во алкохолизирана состојба и не се консумира алкохол и не се дистрибуираат и користат наркотични супстанци.<br><br>Во училиштето се реализираат голем број активности за заштита од штетните влијанија на пушењето, алкохолот и наркотичните средства. Особено акцент се става на оваа тема преку работилници и диксусии кои се реализираат на одделенските часови според Прирачникот за животни вештини.<br><br>Во училишната зграда, на видни места, има истакнато знаци за забрането пушење, внесување и консумирање алкохол.<br><br>**ПРАШАЛНИК ЗА НАСТАВНИЦИ**<br><br>Прашање 3.16 – Учествувам во реализација на работилници со ученици за превенција од пушење.алкохол и дрога |

| | | |
|---|---|---|
| | | Од 29 анкетирани настсвници, 20,69% се согласуваат со ова тврдење дека учествуваат во реализација на работилници со ученици за превенција од пушење, алкохол и дрога (6 наставници), 48,28% се согласуваат (14 наставници). 13,79% не се согласуваат (4 наставници), нема наставници кои целосно не се согласуваат и 17,24% не знаат/немаат информација (5 наставници).<br>**ПРАШАЛНИК ЗА УЧЕНИЦИ**<br><u>Прашање 3.18</u> - Учествувам во работилници за заштита од штетните влијанија на пушењето и ..... наркотичните средства<br>Од вкупно 50 анкетирани ученици, целосно се согласуваат 46% испитаници, 22% се согласуваат, незначителен број не се согласуваат 8%, целосно не се согласуваат 14% и немаат информација/не знаат 10%.<br>**ПРАШАЛНИК ЗА РОДИТЕЛИ**<br><u>Прашање 3.16</u> – Во училиштето се преземаат мерки за превенција за заштита од алкохол, пушење и дрога<br>Од вкупно 60 анкетирани родители, целосно се согласуваат 54% дека во училиштето се преземаат мерки за превенција за заштита од алкохол, пушење и дрога. Со истото се согласуваат 33%, а нема испитаници кои не се согласуваат - 0%, целосно не се согласуваат 0%, а немаат информација 13%.<br>**ИНТЕРВЈУ СО ДИРЕКТОР И СТРУЧНА СЛУЖБА**<br><u>Прашање 3.8</u>. Колку често во училиштето се реализираат работилници со теми поврзани со заштита од пушење,алкохол и дрога? Како ги проценувате ефектите?<br>Се реализираат најмалку еднаш годишно. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Ефектите се позитивни – зголемена свесност кај учениците. |
| | Квалитет на достапна храна | Училиштето обезбедува исхрана на учениците во училиштето. За таа цел, се објавува јавен оглас во дневен весник за доставување понуди за храна од регистрирани фирми за производство на храна. Доставените понуди се разгледуваат во однос на цената и квалитетот од страна на Комисијата за јавни набавки на училиштето која одлучува која понуда ќе биде избрана. Контролата на квалитетот на храната ја врши Државниот санитарен и здравствен инспекторат, а извештај од спроведената контрола, фирмата што ја произведува храната доставува до училиштето.<br><br>Во училиштето се води кампања за здрава исхрана на учениците, а тоа се спроведува преку: реализација на содржини од Животни вештини на одделенските часови, преку наставни содржини предвидени според наставните планови и програми, предавања организирани од страна на невладини организации, Министерство за образование и наука, Локална самоуправа и Агенцијата за храна и ветеринарство како и изработка на проекти.<br><br>За исправноста на храната од околните мини маркети и сендвичари каде учениците се снабдуваат со храна, училиштето исто така поседува документ.<br><br>При јавен повик за избор на најдобар понудувач на храна во училиштето секогаш е пријавена само една фирма и изборот паѓа на таа фирма, со што не се отвораат повеќе можности за избор и поразновидна опција. Поради тоа бројот на пријавени ученици за храна секој месец опаѓа и до крајот на учебната година се сведува на минимум.<br><br>Во училиштето има организирана исхрана за учениците од операторот „Ребус“ кој работи по HASSAP систем, со добиено барање до Агенција за храна и ветеринарство за квалитетот на храната. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Во училиштето редовно се врши санитарен преглед од страна на ЈЗУ Центар за јавно здравје – Штип. |
| | Хигиена и заштита од болести | Хигиената во училиштето е на високо ниво. Во училниците, ходниците и училишниот двор се поставени корпи за отпадоци. Техничкиот персонал се грижи за одржување на чистотата во училиштето преку чистење на подовите, тоалетите и инвентарот. Во училиштето тоалетите се чисти и дезинфицирани во текот на денот и ги задоволуваат законските прописи. Во одржувањето на чистотата во училиштето улога имаат и наставниците преку совети и препораки до учениците за одржување на личната хигиена и хигиената во училиштето. Ходниците и скалите се чистат двапати во текот на денот, подот и мебелот во училниците се чистат најмалку пред почетокот на секоја смена, останатиот училишен простор еднаш во текот на денот.<br><br>Дворот во училиштето е секогаш чист без отпадоци, парковите и зелените површини секогаш се окопуваат и наводнуваат. За поттикнување на еколошката свест кај учениците во нашето училиште постои Еко-патрола која континуирано ја следи чистотата во училниците, ходниците и училишниот двор. Во дворот на училиштето, во секоја училница и во ходниците има корпи за отпадоци. Во контекст на ова се организираат и еколошки акции во кои активно учествуваат учениците, наставниците и техничкиот персонал.<br><br>За да се заштитат учениците од разни болести покрај одржувањето на хигиената на почетокот на учебната година од страна на санитарни служби се врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација на училишната зграда. Во случај на епидемија училиштето донесува укажување до родителите и наставниците за посебен режим на однесување како во училиштето така и дома во контекст на симптомите и пренесувањето на болеста, превентивата и во однос на посетата на наставата.<br><br>Покрај ова училиштето презема и други мерки за заштита и превентива од болести кои се остваруваат преку разговори на часовите за одделенската заедница, преку разговори што се водат на ученичката заедница, преку предавања спроведени од Здравен дом – Штип, преку систематски прегледи |

| | | |
|---|---|---|
| | | и вакцинација и сл.<br>Сите вработени и ученици редовно вршат систематски прегледи. За вработените секоја година се реализира  санитарен преглед  и редовен систематски преглед по објавен јавен повик. Учениците во соработка со центарот за јавно здравје се носат на систематски прегледи според утврдени распореди согласно возраста на учениците и Календарот за имунизација покрај систематските прегледи се реализираат и стоматолошки редовни проверки на забите на ученците.<br>Училиштето почитува протоколи за постапување во кризни ситуации при појава на епидемии/пандемии изготвени од страна на надлежни институции.<br>Во училиштето има лица кои имаат сертификати за давање прва помош.<br>**ПРАШАЛНИК ЗА РОДИТЕЛИ**<br>Прашање 3.17 – Хигиената во училиштето е на високо ниво<br>Од вкупно 60 анкетирани родители, 42 % целосно се согласуваат дека хигиената во училиштето е на високо ниво, 50% се согласуваат. Мал број не се согласуваат - 3%, целосно не се согласуваат 2% и  немаат информација  3%.<br>**ПРАШАЛНИК ЗА УЧЕНИЦИ**<br>Прашање 3.19 – Училиштето е чисто и уредно<br>Од вкупно 50 анкетирани ученици, 50% целосно се согласуваат  дека училиштето е чисто и уредно, 36% се согласуваат дека училиштето е чисто и уредно. Незначителен број не се согласуваат - 8%, целосно не се согласуваат 2% и не знаат/немаат информација 4%. |
| | Грижа за безбедноста на учениците и вработените | Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност во наставата. Училишниот простор е безбеден за изведување на настава, безбедна е и инфраструктурата во училиштето (мебел, скали, подови, прозорци, струјни места, двор) и не претставува потенцијална опасност од повреди на учениците. Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедноста на учениците во текот на наставата во училишната зграда и |

| | | |
|---|---|---|
| | | двор. Сите опасни места во училиштето и училишниот двор (шахти, штекери и сл.) се заштитени и не претставуваат опасност за учениците.<br><br>Обележани се хидрантните бази и редовно се сервисираат и проверуваат ПП апаратите. Хидрантите се функционални. Училиштето има изработен План за заштита и спасување во случај на пожари, експлозии и опасни материи. Исто така има изготвено План за евакуација на училиштето истакнат на видно место во училишната зграда. Училиштето има назначено одговорни лица за евакуација и ракување со ПП апаратите. Училиштето во соработка со Противпожарната служба на градот Штип ги поттикнува учениците за стекнување сознанија за противпожарна заштита преку симулации на пожар. По одредени предмети од природните науки: физика, хемија и биологија се вршат опити и експерименти, секогаш во присуство на предметниот наставник. Групата која го изведува експериментот, ги презема сите мерки за претпазливост пред неговото изведување, т.е. наставникот ги едуцира како треба да се заштитат или како да реагираат во случај на ненамерна грешка.<br><br>Училиштето располага со прирачна аптека за прва помош. За обезбедување на благосостојба на учениците, за време на наставата која се изведува во две смени има дежурни наставници кои водат грижа за да не настанат проблеми за време на одморите во училиштето и училишниот двор.<br><br>Училиштето соработува и учествува во проекти на „Црвен Крст“ - Штип преку кои дел од наставниците и учениците се обучени за давање прва помош при несреќни случаи во училиштето.<br><br>Инсталирани се камери во училишниот хол и училишниот двор.<br><br>Заради безбедност училиштето има реонски полицаец на располагање. Во училиштето на видно место го има истакнато бројот на реонскиот полицаец. Училиштето заради безбедност и превентива обезбедува осигурување на учениците. Оваа година учениците се осигурани преку Македонија осигурување. Осигурувањето го плаќаат родителите и е доброволно. |

| | | |
|---|---|---|
| | | **ПРАШАЛНИК ЗА УЧЕНИЦИ**<br><br>Прашање 3.1 – Во училиштето се чувствувам сигурно и безбедно<br><br>Од вкупно 50 анкетирани ученици, 78% целосно се согласуваат дека во училиштето се чувствуваат сигурно и безбедно, 22% се согласуваат. Незначителен број не се согласуваат - 8%, целосно не се согласуваат и не знаат/немаат информација - 0%.<br><br>**ПРАШАЛНИК ЗА НАСТАВНИЦИ**<br><br>Прашање 3.17 - Учениците и родителите во училиштето добиваат соодветна поддршка и помош за решавање на проблемите<br><br>Според добиените резултати од анкетниот прашалник поголем број од наставниците (15) или 51,72% целосно се согласуваат дека учениците и родителите во училиштето добиваат соодветна поддршка и помош за решавање на проблемите (од 29 испитаници/наставници), 48,28% од наставниците се согласуваат (14 наставници).<br><br>Нема наставници кои не се согласуваат, целосно не се согласуваат и не знаат/немаат информација. |
| | Грижа за учениците од социјално загрозени семејства | Училиштето нема пропишани процедури за обезбедување материјални средства на учениците кои потекнуваат од социјално<br><br>загрозени семејства.<br><br>За оценување на социјалните потреби, училиштето користи непосредни разговори со учениците, родителите и службите за социјална грижа и тоа со помош на стручната служба на училиштето.<br><br>На учениците од социјално загрозените семејства им се пристапува<br><br>внимателно, да не се повреди нивната личност, а најголема поддршка<br><br>добиваат од разговорите со одделенскиот раководител и педагогот на училиштето, кои им влеваат самодоверба и им даваат морална |

| | | |
|---|---|---|
| | | поддршка. Училиштето за целосна интеграција на учениците од социјално загрозени семејства во наставните и воннаставните активности (екскурзии, натпревари, театарски претставии, облека, храна), самоиницијативно одлучува да им помогне на овие деца, најчесто преку донатори од локалната заедница и преку хумани акции организирани од учениците за помош и поддршка на соученици од социјално загрозени семејства.<br><br>Училиштето преку ученичката заедница и во соработка со Општинската организација на „Црвен Крст“ организира хуманитарни акции за собирање средства и помагање на социјално загрозените семејства.<br><br>**ПРАШАЛНИК ЗА НАСТАВНИЦИ**<br><br><u>Прашање 3.12</u> - Различните маргинализирани / ранливи групи ги вклучувам во училишните активности<br><br>Според добиените резултати од анкетниот прашалник поголем број од наставниците 58, 62% или 17 наставници целосно се согласуваат дека различните маргинализирани / ранливи групи ги вклучуваме во училишните активности (од 29 испитаници/наставници), 41,38% од наставниците се согласуваат или тоа се 12 наставници.<br><br>Нема наставници кои не се согласуваат, целосно не се согласуваат и не знаат/немаат информација. |
| | Грижа за учениците со здравствени проблеми | Училиштето нема пропишани процедури за грижа на учениците со телесни пречки во развојот. Во текот на воспитно - образовниот процес со учениците со телесни пречки во развојот, училиштето остварува соработка со родителите и други релевантни институции.<br><br>Во обезбедување грижа за оваа категорија на ученици се настојува во поткнување на соучениците во пружање помош и водење грижа за овие деца. Пристапот во училиштето е прилагоден на потребите на учениците со телесни пречки во развојот. Ова категорија на ученици непречено можат да се движат во дворот и на првиот кат на училиштето, но не постои тоалет прилагоден за нивните потреби. Внатрешните скали не се прилагодени за |

| | | |
|---|---|---|
| | | потребите на оваа категорија ученици. Од страна на учениците и наставниците, безрезервно им се дава помош на учениците со пречки во развојот во сите моменти кога е потребно.<br><br>Училиштето води грижа и за учениците кои поради хронични заболувања и посериозни повреди отсуствуваат од редовната настава почитувајќи ја загонската регулатива од Закон за основно образование.<br><br>**ИНТЕРВЈУ СО ДИРЕКТОР И СТРУЧНА СЛУЖБА**<br><br><u>Прашање 3.11</u> Како училиштето обезбедува реализација на настава за учениците што поради здравствени причини подолго време отсуствуваат од редовната настава?<br><br>Училиштето постапува според Правилник за начинот на избор на основно училиште, по блиските критериуми и начинот на организирање на наставата во здравствените установи, казнено-поправни и воспитно-поправни установи, како и во домашни услови, донесен од страна на МОН со арх.бр.18-9120/1 од 30.6.2025 г.<br><br>Училиштето организира воспитно-образовна работа за учениците кои поради поголеми здравствени проблеми или хронични болести се на лекување подолго од три недели во здравствени установи и во домашни услови преку учење на далечина со примена на електронска комуникација, со физичко присуство или комбинирано.<br><br>Согласно правилникот родителите поднесуваат барање до училиштето во соработка со раководителот на паралека/ одд. наставник за видот на наставата кој го бараат за своето дете и наведена причина за спреченоста на посета на редовна настава. Барањето треба да содржи причини поради кои е неопходно да се реализира настава во домашни услови/здравствени установи и треба да биде проследено со мислење од лекар/специјалист за спреченост на ученикот да оди на училиште и со очекувано време на спреченост. |

| | | |
|---|---|---|
| | Грижа за социоемоционалната добросостојба на<br><br>учениците | Стручната служба во училиштето има механизми за препознавање на социо-емоционалните тешкотии кај учениците.<br><br>**ПРАШАЛНИК ЗА РОДИТЕЛИ**<br><br>Прашање 3.18 - Училиштето се грижи за добросостојбата на моето дете<br><br>Од вкупно 60 анкетирани родители, 62 % целосно се согласуваат дека училиштето се грижи за добросостојбата на нивното дете, 35% се согласуваат, мал број не се согласуваат - 3%, целосно не се согласуваат 0% и немаат информација 0%.<br><br>Прашање 3.19 - Училиштето се грижи за емоционалната состојба на моето дете<br><br>За ова тврдење се изјасниле 58% дека целосно се согласуваат дека училиштето се грижи за емоционалната состојба на нивното дете, 33% се согласуваат, додека пак 5% не се согласуваат. 2% целосно не се согласуваат, додека пак 0% не знаат/не се согласуваат.<br><br>**ПРАШАЛНИК ЗА УЧЕНИЦИ**<br><br>Прашање 3.5 - Наставниците ги разбираат моите потреби и проблеми.<br><br>Од вкупно 50 анкетирани ученици, 56% целосно се согласуваат дека наставниците ги разбираат нивните потреби и проблеми, 34% се согласуваат. Незначителен број не се согласуваат - 6%, целосно не се согласуваат 4% и не знаат/немаат информација - 0%.<br><br>Прашање 3.15 - Во училиштето добивам подршка и помош при решавање на некој проблем.<br><br>За ова тврдење се изјасниле 66% дека целосно се согласуваат дека во училиштето добиваат подршка и помош при решавање на некој проблем, 26% се согласуваат, 0% не се согласуваат, 2% целосно не се согласуваат и 6% не знаат/не се согласуваат. |

| | | |
|---|---|---|
| | | **ИНТЕРВЈУ СО ДИРЕКТОР И СТРУЧНА СЛУЖБА**<br><br>**<u>Прашање</u>** <u>3.12.</u> Колку учениците се обраќаат до стручната служба во ситуации кога се соочуваат со проблем, се чувствуваат загрижени, тажни, лути и сл.? Дали училиштето спроведува активности за социо-емоционално учење? Дајте пример.<br><br>Од Интервју со стручна служба (Прашање 3.12)добиени се следниве заклучоци:<br><br>- Во соработка со наставниците, психологот и педагогот ги следат учениците во текот на целата учебна година и работат на социо-емоционалната добросостојба на учениците преку превенција, одржување и спречување на влошување на оваа состојба. Во училиштето редовно се работи со децата кои се од семејства со нарушени односи, децата со намалена самодоверба, деца со емоционални проблеми, социјализација, разрешување на конфликти, како и деца со пречки во развојот и потешкотии во учењето. Се препознаваат учениците со поголеми потешкотии се упатуваат до релевантните институции. Во училиштето се работи индивидуално со овие ученици, како и во групи или со цело одделение, преку спроведување на разговори , советување и работилници.<br>- Согласно известувањето за спроведување активности за подобрување на безбедноста и добросостојбата на учениците и сите чинители во воспитно образовниот процес бр. 08-1284/1 од 17.10.2024 година доставено до училиштето од страна на Бирото за развој на образованието во врска со потребата да се интензивираат активностите за подобрување на безбедноста, менталното здравје и добросотојбата на учениците, Бирото за развој на образованието преку Министерството за образование и наука го задолжи основното училишта „Славејко Арсов“ – Штип, за преземање на конкретни активности кои се реализира континуирано во текот на учебната 2024/2025 година. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Согласно дадените насоки од одговорниот советник од Бирото за развој на образованието, за реализација на активностите за подобрување на безбедноста, менталното здравје и добросотојбата на учениците, стручната служба во ООУ„Славејко Арсов“ Штип ги планира следните активности:<br>➢ Изработка на <u>Акциски план со активности / работилници</u> за подобрување на безбедноста и добросотојбата на учениците и сите чинители во воспитно образовниот процес, на ниво на училиште, од страна на стручните соработници во соработка со директорот, одделенските раководители, раководителите на паралелките и претставници од редовите на учениците и родителите, со архивски број 0102-28/14 од 11.11 2024 год;<br>➢ <u>Реализација на планираните активности / работилници.</u> Планираните активности/работилници во училиштето се реализираа континуирано (секој месец), во текот на учебната 2024/2025 година<br>➢ Основното училиште изготвува <u>извештај за секоја реализирана активност / работилница</u> согласно Акцискиот план, сумирани во годишен извештај за реализираните активности 0102-27/28 од 30.5 2025 год;<br><br>Во годишната програма во рамки на Акциониот план на училишниот тим за инклузија се работи на подобрување на социјалната и емоционалната состојба на учениците со ПОП. А како дел од годишната програма се и:<br><br>-Програма за откривање на ученици со емоционални потешкотии и работа со нив;<br><br>- Програма за работа со ученици со потешкотии во учењето;<br><br>- Програма за работа со деца со посебни образовни потерби;<br><br>- Програма за работа со надарени ученици.<br><br>Во училиштето се спроведуваат активности за социо-емоционално учење. |

| | | |
|---|---|---|
| | Давање помош при изборот за продолжување на<br><br>образованието | **ПРАШАЛНИК ЗА РОДИТЕЛИ**<br><br>Прашање 3.20 - Училиштето дава информации и поддршка при избор на понатамошното образование на учениците.<br><br>Од вкупно 60 анкетирани родители, 57 % целосно се согласуваат дека училиштето дава информации и поддршка при избор на понатамошното образование на учениците, 32% се согласуваат, 0% не се согласуваат, 0% целосно не се согласуваат и 11% немаат информација.<br><br>**ИНТЕРВЈУ СО ДИРЕКТОР И СТРУЧНА СЛУЖБА**<br><br>**Прашање** 3.13. Како е организиран процесот на помагање на учениците и нивните родители за избор/продолжување на образованието?<br><br>Професионалната и кариерна ориентација на учениците се реализира преку наставните содржини во рамките на задолжителната, изборната и факултативната настава и преку сите видови на воннаставни активности на учениците. Истата со учениците од деветтите одделенија засилено се реализирана со помош на одделенските раководители и стручните соработници од училиштето преку претходно изготвена програма која е составен дел на Годишната програма за работа на училиштето. Стручната служба во училиштето избира и користи соодветни методи и инструменти за професионална ориентација и советување за кариерно насочување на ученици. Професионалното и кариерно советување се базира на утврдените интереси, способности и општествени можности.<br><br>Програмата за професионална ориентација има за цел да изгради вештини за донесување одлуки кај младите и како таква интегрира две главни компоненти. Едната компонента е лична компетентност т.е силата на сопственото ,,јас“ и можноста за образование, односно учење за саморазвој, додека другата е социјална компетентност која се повеќе добива на значење во светот на професиите-учење за животот во демократска заедница и граѓанско општество.<br><br>Стручнара служба во училиштето изготвува Акционен план за професионална ориентација на учениците: Зајакнување на учениците преку самоспознавање и советување за кариерен развој за учебната 2023/2024 со |

| | | |
|---|---|---|
| | | арх.бр. 0102-28/4 од 12.3.2024 г. и за учебната 2024/2025 со арх.бр. 0102-28/8 од 14.3.2025 г. со следните активности:<br><br>Отварање на ученичко порфолио;<br><br>Спроведување на анкета со родители;<br><br>Обработка на податоци;<br><br>Работилници од програмата за образование за животни вештини и реализација на првата тема од наставната програма по предметот Граѓанско образование, со цел да се поттикнат учениците да ги идентификуваат своите способност, потенцијали, ставови, интереси, верувања, лични цели, вредности и вештини;<br><br>Работилница - Спроведување на прашалник 1 „Што ме интересира“, со цел учениците од IX одд. да ги спознаваат на сопствените интереси, да учат како да ги откријат, истражат и испиитаат сопствените желби, интереси и афинитети;<br><br>Работилница - Спроведување на прашалник 2 „Во светот на вештините и способностите“ , со цел учениците од IX одд. да ги препознаат на сопствените вештини и способности, да ги воочат своите таленти, да учат како да ги проценат и рефлектираат личните очекувања и цели;<br><br>Работилница - Спроведување на прашалник 3 „Моите перцепции за занимањата“ , со цел учениците од IX одд. да го поврзуваат посакуваното занимање со перцепциите за себе, критички да се соочат со квалификационалата рамка на занимања и темата работа, да го зајакнат чувството на сопствена вредност во однос на соодветноста за избор на широкиот спектар на образовни профили и занимања без разлика на полот, родот и други карактеристики;<br><br>Работилница - Спроведување на Прашалник за проценка на своите способности, со цел учениците од IX одд. според сопственото видување да вршат самопроценка на своите способности, да ги согледаат сопствените капацитети и подготвеност за постигнување на конкретни резултати, да |

| | | |
|---|---|---|
| | | направат саморефлексија во поглед на интересите (самопроценка) и да се надоврзат на изборот на видот на образование/професија:<br><br>Работилница - Спроведување на Тест за интереси, со цел учениците од IX одд. да вршат самопроценка на сопствените интереси заради нивно поврзување со занимањата кои се соодветни на нив;<br><br>Спроведување анкета со учениците од деветто одделение, со цел детектирање на интересот за средно училиште<br><br>Затварање на ученичко портфолио од страна на стручната служба со цел синтетизирање на информациите што се прибираат и обработуваат низ секоја фаза за секој ученик. |

## Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето

**Опис/резиме на подрачјето**

Во училиштето се негува позитивна, безбедна и инклузивна училишна клима во која учениците се чувствуваат прифатени, почитувани и сигурни. Односите меѓу учениците, наставниците и родителите се темелат на меѓусебна доверба, соработка и почитување на различностите, без оглед на етничка, социјална или економска припадност.

Училиштето има воспоставени јасни правила на однесување преку Кодекс на однесување, ЕКО-кодекс, Кодекс на однесување на учениците за превенција од врсничко насилство, Кодекс на однесување на учениците со мобилни телефони, Кодекс на однесување на учениците за време на ученичките екскурзии, излети и други вонучилишни за и Куќен ред, кои се јавно истакнати и познати на сите структури. Нивната доследна примена придонесува за одржување на редот, дисциплината и чувството на правичност.

Се посветува особено внимание на почитувањето и заштитата на детските права. Учениците се информираат за своите права и обврски преку одделенски часови, работилници и активности, а училиштето обезбедува механизми за поддршка и заштита во случај на нивно нарушување.

Во училиштето активно се промовира еднаквоста и недискриминацијата. Сите ученици имаат еднакви можности за учество во наставни и воннаставни активности, а се обезбедува и соодветна поддршка за учениците со посебни образовни потреби преку индивидуализиран пристап и соработка со стручната служба.

Соработката со родителите се реализира континуирано и во повеќе форми — преку родителски средби, Совет на родители, работилници, заеднички активности и учество во училишни настани. Родителите се информирани и активно вклучени во животот на училиштето, што придонесува за зајакнување на партнерскиот однос и поддршка на воспитно-образовниот процес.

Иако училиштето покажува високо ниво на функционалност во ова подрачје, постои потреба од дополнително поттикнување на учеството на сите ученици во донесувањето одлуки, подобра евиденција на родителските иницијативи и понатамошно зајакнување на механизмите за рано препознавање и поддршка на ученичките потреби.

**Силни страни**

- Учениците се чувствуваат безбедно, сигурно и прифатено во училиштето.
- Позитивна училишна клима и добра соработка меѓу наставниците.
- Јасно дефинирани правила на однесување и висока информираност за кодексите.
- Активности за превенција на насилство и промоција на ненасилна комуникација.
- Почитување на детските права и можности за ученичко учество во одлучувањето.
- Еднаквост, недискриминација и поддршка за ученици со посебни образовни потреби.
- Континуирана соработка со родителите и вклученост во училишни активности.
- Воспоставени мерки за безбедност (дежурства, планови за евакуација, соработка со институции).

**Слаби страни**

- Дел од родителите не се доволно информирани/ запознаени со училишниот протокол за превенција и постапување во случаи на насилство
- Дел од родителите не се доволно информирани/ запознаени со спроведените активности за превенција на насилство и ненасилно решавање на конфликти во училиштето
- Дел од родителите не се доволно вклучени во активности за запознавање со правата на децата, организирани од училиштето.
- Мал број ученици не се целосно информирани за механизмите за заштита на нивните права.

**Приоритети**

- Информирање/ запознавање на родителите со училишниот протокол за превенција и постапување во случаи на насилство (презентирање на прва родителска средба во прво и второ полугодие од учабна година)
- Информирање/ запознавање на родителите со спроведените активности за превенција на насилство и ненасилно решавање на конфликти во училиштето (известување од страна на одделенскиот раководител на ниво на паралелка, )
- Вклучување на  родителите во активности за запознавање со правата на децата, организирани од училиштето.
- Целосно информирање на учениците за механизмите за заштита на нивните права.

## Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики

| Индикатори за подрачјето: |
|---|
| **4.1 Управување и раководење со училиштето**<br>**4.2 Цели и креирање на училишната политика** |

**Самоевалуација на училиштето: ООУ„Славејко Арсов“ – Штип Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики**

| **Собирање податоци** | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 4.1 Управување и раководење со училиштето** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Програма за работа на училишниот одбор; деловник за работа на училишниот одбор; статут на училиштето; записници, одлуки и извештаи од работата на училишниот одбор (годишни, полугодишни, посебни); развојна програма на училиштето; програма за работа на директорот; програми за професионален развој; докази за учество и | Управување со училиштето | **Многу добро**<br>Управувањето со училиштето се одвива преку Училишниот одбор како управен орган, конституиран според законската регулатива и статутот. Работата на училишниот одбор е јасно дефинирана со деловниот за работа на училишниот одбор и е транспарентна. Составен е од 9 членови – наставници, родители, локална самоуправа и МОН. Работата на УО е уредена со деловник, се спроведува преку годишна програма и се реализира со редовни состаноци без откажувања поради кворум. Членовите навремено добиваат покани и дневен ред. УО обезбедува транспарентност – одлуките се јавно објавени, а информациите редовно се споделуваат со наставници и родители. Сите членови на училишниот одбор се познати со почитувањето. Членовите на училишниот одбор детално ги разгледуваат и ги уредуваат програмските документи на училиштето Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и |

| | | |
|---|---|---|
| дисеминација на обуки (списоци, агенди, евалуациски листи); интервјуа со наставници, стручни соработници, родители/старатели и ученици и училишниот одбор; распоред и процедури за користење на просторот и материјлите во училиштето; прашалник за одговорното лице од општината; докази за вклученост во регионални и меѓународни образовни мрежи (активности, дописи, апликации), активности и програма за работа на училишната библиотека/медиатека. | | другите училишни структури. Соработува со стручната служба, наставниците и локалните институции, одржува партнерски односи со раководниот орган и образовни структури (инспекторати, БРО итн.). Училишниот одбор квартално го следи трошењето на буџетот, со цел да има увид во потрошените финансиски средства. |
| | Раководење со училиштето | **Многу добро**<br><br>Раководната функција ја има директорот, кој е стручно квалификуван и постапува согласно законските и статутарни барања. Директорот професионално ги спроведува задачите од програмата за работа, активно соработува со наставниците, стручната служба, учениците, родителите, локалната самоуправа и БРО. Одлуките ги носи врз основа на потребите на училиштето, интересите на учениците и вработените. Работата е транспарентна – директорот редовно известува на наставнички совет, пред УО и Советот на родители, поттикнува тимска работа и ја насочува кон остварување на визијата на училиштето. Раководниот орган има јасна визија за развојот на училиштето со која се признаваат сите вклучени чинители во животот на училиштето. Тој работи тимски при процесот на градење политика, планирање и обезбедување квалитет. Воспоставува партнерства со неопределена локална средина, деловна средина и граѓанска организација. Директорот го вклучува училиштето во регионални и меѓународни училишни мрежи. |
| | Управување и раководење со ресурсите | **Многу добро**<br><br>Училиштето обезбедува континуирано подобрување на материјално–техничките услови – заменети се светилки со енергетски ефикасни LED светла, обезбедени се инструменти за кабинетите по природни науки, направено е дворско уредување со бекатон плочки и уредување на зеленилото. Во сите простории на училиштето се ставени енергетски ефикасни клима уреди. Постои план за инфраструктурни подобрувања кој се ревидира редовно. Училиштето обезбедува средства не само од буџетот, туку и од спонзори и донатори. Просторните капацитети се максимално искористени, а училиштето има јасен план за организација на настава и активности. Директорот има јасен план и се фокусира на максимално |

| | | |
|---|---|---|
| | | користење на распоредените капацитети за спроведување на наставата и воведувачките активности, со што ги задоволуваат потребите на учениците. Наставникот планира и во исто време обезбедува потрошен материјал во потребното количество за реализација на наставните и воведувачките активности Училишната библиотека/ распоредува со повеќе од пет книги по ученик, библиотекарската евиденција се води во согласност со Законот за библиотекарите |
| | Раководење со кадарот | **Многу добро**<br><br>Училиштето има составен наставен кадар за реализација на сите наставни планови и програми, како и стручни соработници. Во училиштето функционираат механизми за замена на наставникот и дополнително исполнување на наставата во случај на краткорочно и долгорочно извршување Програма за професионален развој на наставниците и стручните соработници е изработка врз основа на нивните лични развојни планови. Постои практика секоја година да се започне со дисеминација на основните обуки. Училиштето ги идентификува потребите за стручно усовршување и овозможува учество на наставниците во семинари, обуки, вебинари и други форми на доусовршување. По обуките се врши дисеминација на стекнатите знаења. Раководниот орган ги следи законските измени и укажувањата на МОН и инспекторатите. Постои добра соработка меѓу наставниците, тимска работа, размена на практики и поддршка од стручната служба |
| | Следење и унапредување на наставниот процес | **Многу добро**<br><br>Директорот и стручните соработници по претходно изготвен план и распоред континуирано ја следат работата на наставниците. Секој наставник се следи два часа во едно полугодие за што се дава повратна информација. За следењето на наставниот час, директорот и стручните соработници користат подготвени чек-листи/протоколи како подготовка за успешно следење на наставниот час. Следењето на наставата се врши преку увид во документација, непосреден увид во часовите, анализи од портфолија, пописни листи, интервјуа и извештаи. Училиштето работи на подобрување на наставата преку вклучување во обуки организирани од МОН и БРО. Се следат постигањата и потребите на учениците, се обезбедува материјално- |

| | | |
|---|---|---|
| | | техничка поддршка, се модернизира наставата преку нови ресурси, а директорот и стручните соработници даваат насоки за подобрување. |
| **Индикатор 4.2 Цели и креирање на училишната политика** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Развојна програма на училиштето; годишна програма за работа на училиштето; извештај од самоевалуација; план за следење и евалуација на реализацијата на акциските планови; анкети/интервјуа со директорот, стручните соработници, наставниците, родителите/старателите, учениците; записници од училишниот одбор, советот на родители, наставничкиот совет; интерни акти; програма за работа и извештаи за работата на училишниот одбор; деловник за работа на училишниот одбор; план за професионален развој; буџет и финансиски план на училиштето. | Процедури за креирање на<br>училишната политика | **Многу добро**<br>Училиштето има пропишани процедури за донесување на училишни политики, во кои се вклучени вработените, учениците, ученичките структури и останувaат читателите. Училиштето продолжува да ги поддржува политиките за унапредување на квалитетот на работењето во училиштето. Целите на училиштето се усогласени со државната и локалната образовна политика. Наставниците, родителите и учениците активно учествуваат во нивното креирање. Процесот е заснован на информации добиени преку интервјуа, анкети, секојдневно следење на наставниот процес и работата на наставниците и учениците. Стручниот тим, директорот и наставниците заеднички ги утврдуваат приоритетите. Се врши редовна евалуација на годишната програма и се предлагаат цели за следната година. |
| | Резултати од развојно планирање | **Многу добро**<br>Органите и телата во училиштето активно се вклучени во креирањето на училишната образовна политика. Директорот на училиштето и стручната служба се одговорни за организацијата и реализацијата на Годишната програма за работа на училиштето.<br>Стратегиите и процедурите кои се користени во процесот на самоевалуација и развојниот план на училиштето ги имаат идентификувано соодветните приоритети и задачи. Планираните цели се прецизни и јасно ги отсликуваат мисијата, визијата и вредностите на училиштето и истите се имплементирани и во Годишните програми за работа на училиштето. Во процесот на самоевалуација се вклучени сите наставници. Самоевалуацијата и Развојниот план се изработуваат согласно Законските и статутарните одредби.<br>Училиштето ги информира наставниците, учениците, родителте и УО за поставените цели и динамиката за нивно реализирање и постигнатите резултати. |

| | | |
|---|---|---|
| | | |
| | Планирање и управување со училишниот буџет | **Многу добро**<br>Финансиското работење е согласно законската регулатива. Училишниот одбор е запознаен со сите финансиски активности. Буџетот се планира наменски и се следи потрошувачката со цел економичност и правичност. Приоритетите во буџетот се усогласени со образовните цели и се насочени кон подобрување на наставата, развојните активности и квалитетот на училиштето во целина. Директорот ги информатира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето и има изработено финансиски план за распределување на финансиските средства. Буџетските приоритети се тесно поврзани со приоритетите на образованието во целите на училиштето. Буџетот се користи наменски, со цел да се фокусира на подобрување на квалитетот на наставата и учењето, подобрување на постигнувањето на учениците, како и развојот на училиштето во целина. Финансискиот план е одобрен од Училишниот одбор и Советот на општината. |

## Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики

| |
|---|
| **Опис/резиме на подрачјето**<br>Управувањето и раководењето во ООУ „Славејко Арсов“ се реализира преку јасно дефинирани процедури, транспарентни процеси на донесување одлуки и активно вклучување на сите засегнати страни. Училиштето ја спроведува законската рамка и интерните акти, обезбедува ефективно управување со кадарот, финансиските и материјалните ресурси, како и континуирано следење и унапредување на наставниот процес. Креирањето на политиките се базира на анализа на податоци, самоевалуациски извештаи, анкетни резултати и учество на наставници, стручна служба, родители и ученици. Развојното планирање е во согласност со стратегиските цели на училиштето и локалната самоуправа, со јасни приоритети и акциски планови што се редовно мониторираат. |

| **Силни страни** |
| --- |
| • Функционален и транспарентен систем на управување, со редовни состаноци и евидентна документација.<br>• Јасно дефинирани работни процедури, статут, деловник и програмски документи кои се доследно спроведуваат.<br>• Активна соработка помеѓу директорот, наставниците, стручната служба и училишниот одбор.<br>• Вклучување на родителите преку Советот на родители, анкетни листови и консултативни средби.<br>• Училиштето применува развојно планирање засновано на податоци и самоевалуација.<br>• Ефективно управување со човечките ресурси преку распределба на работни задачи, поддршка за професионален развој и учество во обуки.<br>• Финансиско планирање во согласност со законските обврски, со рационално искористување на средствата.<br>• Училишната библиотека/медиатека и другите ресурси се користат врз основа на утврдени процедури. |
| **Слаби страни** |
| • Ограничени финансиски средства кои понекогаш ја намалуваат динамиката на реализација на развојните приоритети.<br>• Потреба од поголема вклученост на пошироката локална заедница и партнерски институции.<br>• Ограничена можност за професионален развој на наставниците во области како инклузивна настава, дигитални компетенции и проектно учење. |
| **Приоритети** |
| • Зајакнување на партнерствата со локалната заедница, институции, невладини организации и образовни мрежи.<br>• Зголемување на професионалниот развој на наставниците преку насочени обуки според утврдени потреби.<br>• Дополнување на буџетот со обезбедување на дополнителни средства преку проекти и грантови. |

**Методи кои се користени за собирање податоци и обработени информации**

(се внесуваат обработени резултати од анкетите со сите чинители (% на одговори по прашања на анкетните прашалници), резимеа од квалитативна анализа што се однесува на наменско набљудување, анализа на одговорите од интервјуата и дискусиите во фокус групите)

| Анкета за родители/старатели се спроведе во текот на месец октомври од учебната 2025/2026 година преку пополнување на прашалник за родители. Одговори се добиени од 60 родители на ученици од I-IX одделение. Одговорите на прашањата се детално обработени во извештаите од подрачјата: Подрачје 1, Подрачје 2, Подрачје 3, Подрачје 4. |
| --- |

| |
|---|
| Анкета за наставници се спроведе во текот на месец октомври од учебната 2025/2026 година преку пополнување на прашалник за наставници. Одговори се добиени од 35 наставници. Одговорите на прашањата се детално обработени во извештаите од подрачјата: Подрачје 1, Подрачје 2, Подрачје 3, Подрачје 4. |
| Анкета за ученици се спроведе во текот на месец октомври од учебната 2025/2026 година преку пополнување на прашалник за ученици. Одговори се добиени од 50 ученици од IV-IX одделение. Одговорите на прашањата се детално обработени во извештаите од подрачјата: Подрачје 1, Подрачје 2, Подрачје 3, Подрачје 4. |
| Интервјуа со директор и стручна служба се спроведоа во ноември од учебната 2025/2026 година преку одговарање на прашања од протокол за интервју со стручни соработници и директор. Одговорите на прашањата и резиме (главни наоди) се детално обработени во извештајот од Подрачје 3. |
| Дискусија во фокус група со ученици, родители, наставници се води спроведе во текот на месец октомври од учебната 2025/2026 година преку одговарање на прашања од Водич за дискусија во фокус група со ученици, родители и наставници. Одговорите на прашањата и резиме (главни наоди) се детално обработени во извештаите од подрачјата: Подрачје 1, Подрачје 2 и Подрачје 3. |

**ИЗВЕШТАЈ**

**од самоевалуација на ООУ „Славејко Арсов“ – Штип, за период 2023-2025 година**

Врз основа на Законот за основното образование („Службен весник на РСМ“ бр.161/2019 и измени „Службен весник РСМ“ бр.229/2020; 3/2025 година) Општинското основно училиште „Славејко Арсов“ – Штип, изврши самоевалуација на работата на училиштето за период од 2023-2025 година.

За таа цел, на предлог на директорот на училиштето, Училишниот одбор на својата седница одржана на 10.10.2024 година формираше комисија за спроведување на самоевалуацијата во следниот состав: Загорка Чапова – педагог, Елена Сарафинова – психолог, Лидија Михајлова Стојанова – предметен наставник, Славица Донева – одделенски наставник, Марија Саздова – родител.

Самоевалуацијата беше спроведена во периодот од октомври до декември 2025 година. За нејзино успешно спроведување, Комисијата обезбеди активно учество на целиот воспитно-образовен кадар во процесот, со тоа што беа формирани 5 тима за 4 клучни подрачја во чии рамки се вршеше самоевалуацијата и прибирање и статистичка обработка на податоци од анкети и дискусија со фокус групи, односно:

| Подрачје | Членови на тимот |
|---|---|
| 1. Планирање, настава и учење | Славица Донева (одговорен на тим)<br>Адријана Ристова<br>Наташа Дуртаноска<br>Лидија Михајлова Стојанова<br>Ане Ампова |
| 2. Постигања на учениците | Милкица Миленковиќ Стојанова (одговорен на тим)<br>Вероника Зафировска<br>Кристина Сандева |
| 3. Училишна клима и односи во училиштето | Роса Коцева (одговорен на тим)<br>Татјана Божинова |

| | |
|---|---|
| | Благица Јанева<br>Горан Христов |
| 4. Управување и раководење | Габриела Бреслиева (одговорен на тим)<br>Гордана Милев<br>Борис Наумов |
| 5. Прибирање и статистичка обработка на податоци од анкети и дискусија со фокус групи | Деспина Крстова<br>Весна Жежова<br>Драгица Петрова<br>Марина Арсова<br>Лазар Наумов<br>Снежана Поповска<br>Елица Козарева<br>Наталија Станојков<br>Едита Попандонова<br>Катерина Сенева<br>Наташа Ушинова Колева |

Тимовите спроведоа анкети, интервјуа, извршија увид во потребната документација и изворите, врз основа на што ги обезбедија сите потребни податоци и материјали, според кои дадоа описи на постигнатоста на индикаторите во рамките на своето подрачје. Секој тим за своето подрачје направи опис/резиме на подрачјето, ги издвои силните и слабите страни и предложи приоритети, врз основа на кои понатаму ќе се темели изготвувањето/реализацијата на Развојната програма на училиштето.

По завршената работа, секој тим ја достави целосната документација од самоевалуацијата до Комисијата, која повторно ги разгледа сите документи и ги оформи во една целина.

Со цел да се обезбеди транспарентност на процесот, на седницата на Наставничкиот совет одржана на 20.1.2026 година секој тим ги образложи резултатите од својата работа, силните и слабите страни, како и предложените приоритети. Наставничкиот совет воедно дискутираше и се договараше во однос на тоа кои приоритети треба да бидат клучни за изготвување/реализација на стратешките и развојните цели во Развојната програма на училиштето.

| **Подрачје 1: Планирање, настава и учење** |
| --- |
| **Опис/резиме на подрачјето**<br><br>Во рамките на оценувањето на состојбите во училиштето, идентификувани се неколку силни и слаби страни, како и приоритети за подобрување на образовниот процес. Ова резиме ги опфаќа најзначајните аспекти од оваа анализа и укажува на насоките за понатамошно унапредување на училиштето.<br><br>Една од главните предности на училиштето е високото ниво на задоволство кај учениците и родителите во однос на признанието што го добиваат од наставниците за постигнатите резултати и вложениот труд. Ова укажува на добар однос и комуникација меѓу наставниците и учениците, што го поттикнува процесот на учење и мотивираноста кај учениците. Дополнително, училиштето обезбедува индивидуална поддршка за 6 ученици со посебни образовни потреби, фокусирајќи се на развивање и зајакнување на нивните функционални способности. Оваа инклузивна практика го јакне капацитетот на учениците за поуспешно учество во наставата и создава позитивна училишна средина. Покрај тоа, учениците активно учествуваат на сите акредитирани натпревари, што резултира со високи достигнувања, истакнувајќи ја конкурентноста и успехот на училиштето во надворешни активности. И покрај бројните предности, идентификувани се неколку слабости кои го ограничуваат целосниот потенцијал на училиштето. Училиштето планира активности за меѓуетничка интеграција во образованието (МИО), само мал број ученици се вклучени во нивната реализација, што може да го намали ефектот и значењето на овие активности. Дополнително, постои мало незадоволство кај учениците во однос на праведноста на оценувањето, иако училиштето има јасна политика за ова прашање. Ова укажува на можни пропусти во спроведувањето на оценувањето или во транспарентноста на процесот. За да се надминат овие слабости и да се подобри општата училишна клима, идентификувани се неколку приоритети. Потребно е да се создадат постапки за информирање и мотивирање на учениците за активно учество во активностите поврзани со МИО, со цел да се постигне поголема инклузивност и разбирање меѓу различните етнички групи. Конечно, приоритет е и подобрувањето на праведноста во процесот на оценување, преку зголемување на транспарентноста и праведното применување на критериумите за оценување.<br><br>Вклучувањето на учениците во планирањето на активностите, подобрувањето на праведноста во оценувањето и зголемената инклузивност во МИО активностите ќе придонесат за создавање на поуспешна и потранспарентна училишна средина. |
| **Силни страни**<br>Училиштето на ниво на стручни активи има изградени критериуми за оценување,усогласени со националните стандарди<br>- Постои големо задоволство кај учениците и родителите за одавањето признание од страна на наставниците за<br>постигнатите резултати и вложениот труд на учениците<br>- За 6 ученика со посебни образовни потреби училиштето реализира организирана индивидуална поддршка во поглед |

| |
|---|
| на развивање и зајакнување на нивните функционалности што претставува зајакнување на нивните капацитети за процесот на учење.<br>- Учениците од нашето училиште учествуваат на сите акредититрани натпревари според пропозициите на организаторите. |
| **Слаби страни**<br>- Училиштето планира активности за МИО, но вклучува само мал број на ученици при нивната реализација;<br>- Мал број од учениците и родителите/старателите се изјаснале дека се запознаени со критериумите за оценување;<br>- Во училиштето постои пристап за лица со физичка попреченост само на првиот кат од училишната зграда. |
| **Приоритети**<br>- Креирање постапки за информирање и мотивирање на ученици за учество во активности МИО;<br>- Подобрување на запознавање на родителите/старателите со критериумите за оценување;<br>- Адаптација на пристапот за лица со физичка попреченост до вториот кат на училишната зграда. |

| **Подрачје 2: Постигања на учениците** |
|---|
| **Опис/резиме на подрачјето**<br><br>Податоците за постигањата на учениците континуирано се следат и анализираат. Од статистичката обработка на податоците се изготвуваат анализи и писмени извештаи со препораки за подобрување на постигањата на учениците. Успехот на учениците се разгледува на Одделенски совет, а се утврдува на Наставнички совет. Родителите на учениците се информираат за успехот на учениците преку евидентни листови, родителски средби, индивидуални средби, е-дневник. Училиштето ги анализира постигањата на учениците кои се оценуваат описно и учениците кои се оценуваат нумерички (според пол и етничка припадност), а деталната анализа е дел од училишната документација. За учениците кои имаат потешкотии во совладувањето на наставната содржина се реализираат часови за дополнителна настава. За учениците кои покажуваат поголеми способности и напредок во воспитно-образовниот процес се реализираат часови за додатна настава, според интересите и можностите. Напредокот во постигањата на учениците го следат одделенските раководители и Стручната служба, тие навремено ги известуваат родителите и ги повикуваат на консултации и советувања. Исто така со учениците со потешкотии во напредокот се реализираат советувања, консултации и се организира дополнителна настава. Стручната служба реализира индивидуални и групни советувања на родители и ученици со несоодветно однесување, голем број изостаноци и намалување на училишниот успех. Стручната служба и наставниците, континуирано обезбедуваат поддршка на учениците што имаат тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со пречки во развојот. |

**Силни страни**

-Училиштето прибира, користи и анализира податоци за постигањата на учениците според полот и јазикот на наставата, по сите наставни предмети, за сите квалификациски периоди. По секој квалификациски период, на предлог на Наставничкиот совет, Училишниот одбор донесува акциски план со активности за подобрување на постигањата и квартално ги разгледува постигањата од Акцискиот план.

-Постигањата на учениците континуирано се следат и евидентираат. Учениците добиваат континуирана поддршка за подобрување на постигањата.

-Учениците со тешкотии во учењето, надарените ученици, како и учениците со попреченост се идентификуваат согласно со пропишани процедури.

-Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува. Родителите/старателите добиваат информации за постигањата на учениците по секој квалификационен период.

Училиштето системски ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од наставата и презема конкретни активности. Соработува со родителите/старателите и со надлежни институции за да ја зголеми редовноста на учениците во наставата.

-Училиштето ги реализира советувањата на родителите/старателите и учениците, за што води уредна документација, ги известува надлежните институции, врши анализи на резултатите од советувањето и го следи подобрувањето на редовноста, успехот и однесувањето на учениците. Советувањата на родители/старатели резултираат со подобрување на постигањата на учениците. Советувањата на учениците, во најголем број придонесуваат за подобрување на успехот, редовноста и однесувањето.

-Најголемиот број наставници се залагаат за подобрување на постигањата на учениците во наставата. Во текот на целата учебна година, училиштето реализира дополнителна настава по сите предмети за кои учениците имаат тешкотии во учењето, како и диференцирана настава. Училиштето, на месечно ниво, изработува распоред за дополнителна настава и го истакнува на видно место во училиштето и на веб страна на училиштето.

**Слаби страни**

- Родителите не го отвораат редовно е-дневникот за да го следат напредокот на нивните деца;
- Во училиштето нема стручен соработник/специјален едукатор и рехабилитатор.

**Приоритети**

- Поттикнување на родителите за редовно и навремено да го отвораат е-дневникот за следење на напредокот на нивните деца.
- Обезбедување на стручен соработник/ специјален едукатор и рехабилитатор, кој постојано со своите стручни компетенции ќе биде на располагање во училиштето.

| Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето |
|---|
| **Опис/резиме**<br><br>Во училиштето се негува позитивна, безбедна и инклузивна училишна клима во која учениците се чувствуваат прифатени, почитувани и сигурни. Односите меѓу учениците, наставниците и родителите се темелат на меѓусебна доверба, соработка и почитување на различностите, без оглед на етничка, социјална или економска припадност.<br><br>Училиштето има воспоставени јасни правила на однесување преку Кодекс на однесување, ЕКО-кодекс, Кодекс на однесување на учениците за превенција од врсничко насилство, Кодекс на однесување на учениците со мобилни телефони, Кодекс на однесување на учениците за време на ученичките екскурзии, излети и други вонучилишни за и Куќен ред, кои се јавно истакнати и познати на сите структури. Нивната доследна примена придонесува за одржување на редот, дисциплината и чувството на правичност.<br><br>Се посветува особено внимание на почитувањето и заштитата на детските права. Учениците се информираат за своите права и обврски преку одделенски часови, работилници и активности, а училиштето обезбедува механизми за поддршка и заштита во случај на нивно нарушување.<br><br>Во училиштето активно се промовира еднаквоста и недискриминацијата. Сите ученици имаат еднакви можности за учество во наставни и воннаставни активности, а се обезбедува и соодветна поддршка за учениците со посебни образовни потреби преку индивидуализиран пристап и соработка со стручната служба.<br><br>Соработката со родителите се реализира континуирано и во повеќе форми — преку родителски средби, Совет на родители, работилници, заеднички активности и учество во училишни настани. Родителите се информирани и активно вклучени во животот на училиштето, што придонесува за зајакнување на партнерскиот однос и поддршка на воспитно-образовниот процес.<br><br>Иако училиштето покажува високо ниво на функционалност во ова подрачје, постои потреба од дополнително поттикнување на учеството на сите ученици во донесувањето одлуки, подобра евиденција на родителските иницијативи и понатамошно зајакнување на механизмите за рано препознавање и поддршка на ученичките потреби. |
| **Силни страни**<br><br>• Учениците се чувствуваат безбедно, сигурно и прифатено во училиштето.<br>• Позитивна училишна клима и добра соработка меѓу наставниците.<br>• Јасно дефинирани правила на однесување и висока информираност за кодексите.<br>• Активности за превенција на насилство и промоција на ненасилна комуникација.<br>• Почитување на детските права и можности за ученичко учество во одлучувањето.<br>• Еднаквост, недискриминација и поддршка за ученици со посебни образовни потреби.<br>• Континуирана соработка со родителите и вклученост во училишни активности. |

- Воспоставени мерки за безбедност (дежурства, планови за евакуација, соработка со институции).

**Слаби страни**

- Дел од родителите не се доволно информирани/ запознаени со училишниот протокол за превенција и постапување во случаи на насилство
- Дел од родителите не се доволно информирани/ запознаени со спроведените активности за превенција на насилство и ненасилно решавање на конфликти во училиштето
- Дел од родителите не се доволно вклучени во активности за запознавање со правата на децата, организирани од училиштето.
- Мал број ученици не се целосно информирани за механизмите за заштита на нивните права.

**Приоритети**

- Информирање/ запознавање на родителите со училишниот протокол за превенција и постапување во случаи на насилство (презентирање на прва родителска средба во прво и второ полугодие од учабна година)
- Информирање/ запознавање на родителите со спроведените активности за превенција на насилство и ненасилно решавање на конфликти во училиштето (известување од страна на одделенскиот раководител на ниво на паралелка, )
- Вклучување на  родителите во активности за запознавање со правата на децата, организирани од училиштето.
- Целосно информирање на учениците за механизмите за заштита на нивните права.

**Подрачје 4: Управување и раководење**

**Опис/резиме на подрачјето**

Управувањето и раководењето во ООУ „Славејко Арсов“ се реализира преку јасно дефинирани процедури, транспарентни процеси на донесување одлуки и активно вклучување на сите засегнати страни. Училиштето ја спроведува законската рамка и интерните акти, обезбедува ефективно управување со кадарот, финансиските и материјалните ресурси, како и континуирано следење и унапредување на наставниот процес. Креирањето на политиките се базира на анализа на податоци, самоевалуациски извештаи, анкетни резултати и учество на наставници, стручна служба, родители и ученици. Развојното планирање е во согласност со стратегиските цели на училиштето и локалната самоуправа, со јасни приоритети и акциски планови што се редовно мониторираат.

| Силни страни |
|---|
| - Функционален и транспарентен систем на управување, со редовни состаноци и евидентна документација.<br>- Јасно дефинирани работни процедури, статут, деловник и програмски документи кои се доследно спроведуваат.<br>- Активна соработка помеѓу директорот, наставниците, стручната служба и училишниот одбор.<br>- Вклучување на родителите преку Советот на родители, анкетни листови и консултативни средби.<br>- Училиштето применува развојно планирање засновано на податоци и самоевалуација.<br>- Ефективно управување со човечките ресурси преку распределба на работни задачи, поддршка за професионален развој и учество во обуки.<br>- Финансиско планирање во согласност со законските обврски, со рационално искористување на средствата.<br>- Училишната библиотека/медиатека и другите ресурси се користат врз основа на утврдени процедури. |
| **Слаби страни** |
| - Ограничени финансиски средства кои понекогаш ја намалуваат динамиката на реализација на развојните приоритети.<br>- Потреба од поголема вклученост на пошироката локална заедница и партнерски институции.<br>- Ограничена можност за професионален развој на наставниците во области како инклузивна настава, дигитални компетенции и проектно учење. |
| **Приоритети** |
| - Зајакнување на партнерствата со локалната заедница, институции, невладини организации и образовни мрежи.<br>- Зголемување на професионалниот развој на наставниците преку насочени обуки според утврдени потреби.<br>- Дополнување на буџетот со обезбедување на дополнителни средства преку проекти и грантови. |

**Предлог-мерки за подобрување на квалитетот на работата на училиштето**

1. **Подобрување на запознавање на родителите/старателите со критериумите за оценување;**
2. **Адаптација на пристапот за лица со физичка попреченост во училишната зграда;**
3. **Обезбедување на стручен соработник / специјален едукатор и рехабилитатор, кој постојано со своите стручни компетенции ќе биде на располагање во училиштето;**
4. **Информирање/запознавање на родителите со училишниот протокол за превенција и постапување во случај на насилство;**
5. **Информирање/запознавање на родителите со спроведените активности за превенција од насилство и ненасилно решавање на конфликти во училиштето;**
6. **Целосно информирање на учениците за механизмите за заштита на нивните права;**
7. **Зголемување на професионалниот развој на наставниците преку насочени обуки според утврдени потреби;**
8. **Дополнување на буџетот со обезбедување на дополнителни средства преку проекти и грантови;**

**Комисија за спроведување на СЕУ:**

Загорка Чапова – педагог
Елена Сарафинова – психолог
Лидија Михајлова Стојанова – предметен наставник
Славица Донева – одделенски наставник
Марија Саздова – родител